# РОДОВА АНАЛИЗА НА ПРОГРАМИТЕ И БУЏЕТИТЕ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ

СТУДИЈА ЗА ОПШТИНИТЕ:
БОГОВИЊЕ, АЕРОДРОМ, МАВРОВО И РОСТУШЕ И ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



РЕАКТОР
истражување во акција

# РОДОВА АНАЛИЗА НА ПРОГРАМИТЕ И БУЏЕТИТЕ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Студија за општините Боговиње, Аеродром, Маврово и Ростуше и Ѓорче Петров

РЕАКТОР
истражување во акција

Наслов:
Родова анализа на програмите и буџетите во единиците на локалната самоуправа
Студија за општините Боговиње, Аеродром, Маврово и Ростуше и Ѓорче Петров

Издавач: Реактор – Истражување во акција

За издавачот: Дамјан Здравев, претседател

Автори:

Неда Коруновска

Јана К. Србијанко

Санела Шкриељ

Снешка Илиќ

Тања Малеска

Дизајн на студијата
Александра Ристеска

Печати: Пропоинт

Тираж: 80

Бесплатен/Некомерцијален тираж

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

352:305

РОДОВА анализа на програмите и буџетите во единицте на локалната самоуправа : студија за општините Боговиње, Аеродром, Маврово и Ростуше и Ѓорче Петров / [Неда Коруновска ... и др.]. - Скопје : Реактор - истражување во акција, 2016. - 59 стр. : табели ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Автори: Неда Коруновска, Јана К. Србијанко, Санела Шкриељ, Снешка Илиќ, Тања Малеска. - Библиографија: стр. 58-59

ISBN 978-608-4684-15-2

а) Локална самоуправа - Финансирање - Родови аспекти
COBISS.MK-ID 101826826

UN WOMEN
United Nations Entity for Gender Equality
and the Empowerment of Women

Оваа анализа беше изработена во рамките на регионалниот проект „Промовирање на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и во Република Молдавија“ (2013-2016) на телото на ОН за родова еднаквост и за зајакнување на жените, UN Women, финансиски поддржана од страна на Австриската развојна соработка ADC и Швајцарската агенција за развој и соработка SDC. Ставовите и мислењата што се содржани во анализата се исклучиво ставови и мислења на авторите и не ги претставуваат ставовите на АДЦ, СДЦ, UN Women, Обединетите нации или на која било друга сродна организација.

# СОДРЖИНА


Листа на кратенки употребувани во студијата 5

**Вовед** 7

Правна и законска рамка за родова еднаквост 8

Родово одговорно буџетирање во Република Македонија 10

Родовата еднаквост во Република Македонија 11

Процесот на децентрализација и родовата еднаквост 12

**Методологија** 13

Анализа на содржината на одбраните програми и буџетски процеси 14

Барања за пристап до информации 14

Полуструктурирани интервјуа со засегнатите страни 14

Фокус-групи 15

Опсервации 15

Индикатори за вклучување на родовиот аспект во носење и во имплементација на програмите 15

Рангирање на приоритетите од страна на граѓаните 16

Сезонски календар на активности 16

Анализа на официјални статистички податоци 16

Состаноци за валидација на наодите 16

Ограничувања на анализата 17

**Општина Боговиње**

**Подготовка на годишна програма и буџет на општината за 2013 година** 18

Профил на општината 18

Локалниот економски развој и родовата еднаквост 18

Анализа на стратегијата за локален развој во Општина Боговиње 19

Подготовка на годишна програма и на буџет за 2013 година 22

Родова перспектива на приоритетните области во 2013 година 24

Приоритетните потреби на жените во Општина Боговиње 26

Валидација на наодите 27

Заклучоци и препораки 28

Препораки за вклучување на родовата перспектива во подготовка на локалната развојна стратегија 28

Препораки за вклучување на родовата перспектива во инфраструктурните проекти 29

Препораки за вклучување на родовата перспектива во имплементацијата на буџетските форуми 29

**Општина Аеродром**

**Анализа на програмата за образование** 30

Профил на општината 30
Институционален и организациски капацитет за родова еднаквост 30
Партиципативно креирање политики 31
Анализа на програмата за образование 31
Валидација на наодите – Општина Аеродром 38
Заклучоци и препораки 40
Општи препораки 40
Препораки за вклучување на родовата перспектива во програмата за образование 40

**Општина Маврово и Ростуше**
**Развој на туризмот во руралните средини како можност за економско зајакнување на жените 43**
Профил на општината 43
Институционален и организациски капацитет за родова еднаквост 43
Анализа на програмата за развој на туризмот во општината Маврово и Ростуше 44
Имплементација на програмата за развој на туризмот во 2013 година 46
Заклучоци и препораки 48
Општи препораки 48
Специфични препораки за вклучување на родовата перспектива во програмата за развој на рурален туризам 49

**Општина Ѓорче Петров**
**Анализа на програмата за култура и активностите на општината во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор 50**
Профил на општината 50
Институционален и организациски капацитет за родова еднаквост 50
Партиципативно креирање политики 50
Родовата еднаквост и културата 51
Анализа на програмата за култура, активностите на Општината во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2014 година 51
Програма за култура – организирање културни манифестации 54
Поддршка на установи, невладини организации, автори и на творци од областа на културата 55
Програма за култура – Културно лето 2014 57
Програма за култура – Програма на Центарот за култура на Општината за 2014 година 58
Програма за култура – Посета на збратимени општини 59
Состаноци за валидација 61
Заклучоци и препораки 62
Општи препораки 63
Специфични препораки за вклучување на родовата перспектива во програмата за култура, активностите на општината во областа на културата и во поддршката на невладиниот сектор 64

**Библиографија 65**

# ЛИСТА НА КРАТЕНКИ УПОТРЕБУВАНИ ВО СТУДИЈАТА

**АД** Акционерско друштво

**БДП** бруто-домашен производ

**ДДВ** данок на додадена вредност

**ДЗС** Државен завод за статистика

**ЕЛС** единица на локална самоуправа

**ЕУ** Европска Унија

**ИПА** Инструмент за претпристапна помош

**ИТ** информатички технологии

**ЈЗУ** јавна здравствена установа

**ЈСП** јавно сообраќајно претпријатие

**ЈУ** јавна установа

**КЕМ** Комисија за еднакви можности

**КУД** културно-уметничко друштво

**ЛЕР** локален економски развој

**МКД** македонски денари

**МОН** Министерство за образование и наука

**МТСП** Министерство за труд и социјална политика

**НВО** невладини организации

**ОН** Обединети нации

**ОП** оперативна група

**ООУ** општинско основно училиште

**ЦЕДЕВ (CEDEW)** Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жените

**УНДП (UNDP)** Програмата за развој на Обединетите нации

**УНИЦЕФ** Детски фонд на Обединетите нации

**UN Women** Агенција на Обединетите нации за родова еднаквост и за зајакнување на жените

**УСАИД (USAID)** Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави

# Вовед

Уставниот поредок на Република Македонија ја гарантира еднаквоста помеѓу граѓаните на Република Македонија без разлика на полот, етничката припадност и на социјалниот статус. Уставот е проследен преку низа закони и акти што се темелат врз принципот на еднаквост и недискриминација и кои се применуваат како во државните институции, така и во единиците на локалната самоуправа (ЕЛС).

Единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, според законските рамки, имаат јасно дефинирани обврски за поттикнување и за унапредување на родовата еднаквост помеѓу жените и мажите на локално ниво. Законот за еднакви можности наведува дека „единиците на локалната самоуправа во рамките на своите надлежности се должни да ги утврдуваат и унапредуваат еднаквите можности и да го почитуваат принципот на еднакви можности при усвојувањето мерки и активности што се потребни за воспоставување на еднаквите можности“.[1] Обврските на ЕЛС вклучуваат нормативни и посебни мерки што ја забрануваат дискриминацијата врз основа на полот и ја поттикнуваат родовата еднаквост.

Според Законот за еднакви можности на жените и мажите, за имплементација на ваквите обврски единиците на локалната самоуправа имаат должност да назначат координатор/ка за еднакви можности, како и да формираат комисија за еднакви можности (КЕМ) при советот на општината. Координаторот/координаторката за еднакви можности на жените и на мажите според член 14 став 7 од овој закон е должен/а, најмалку еднаш годишно, најдоцна до 31 март да достави извештај за претходната година до Министерството за труд и социјална политиката, кој треба да биде објавен на веб-страницата на единицата на локалната самоуправа. Воедно, ЕЛС се должни во своите стратешки цели и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и на мажите како и „да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи“[2].

Инкорпорирање на родовиот аспект во планирањето, политиките и во буџетот на локалната самоуправа се однесува на специфичните потреби на жените и на мажите во сферите на јавниот транспорт, урбаното планирање и на јавните услуги[3]. Вклучувањето на родовите перспективи во креирањето на локалните политики овозможува потребите на жените и на мажите да бидат еднакво земени предвид, како и пристапот до институциите, услугите и до буџетите спроведени од страна на ЕЛС да биде еднаков за жените и за мажите. Ваквиот пристап придонесува кон унапредувањето на положбата на жените и го поттикнува процесот што води кон остварување родова еднаквост во самите општини.

Со цел да се анализира моменталната состојба и да се оцени колку родовиот аспект се вградува при креирањето и при спроведувањето на политиките и буџетите во локалната самоуправа, неопходно е спроведување родова анализа на програмите и на буџетите во единиците на локалната самоуправа. Целта на оваа анализа не е само да се оцени колку локалните политики и буџети придонесуваат кон унапреду-

1 Закон за еднакви можности на жените и мажите (2006). Службен весник на РМ, бр.66/06 од 29.5.2006. Достапен на http://goo.gl/vc3pUx.

2 Стратегија за воведување родово одговорно буџетирање 2012–2017. Министерство за труд и социјална политика.

3 Вклучување на родовата перспектива во локалните политики, најдобри практики (2008). Un Habitat. Достапно на http://goo.gl/dM5ePR.

вањето на родовата еднаквост туку и да се идентификуваат можни начини и да се дадат препораки за тоа како можат локалните буџети и програми да одговорат еднакво на потребите и интересите на жените и на мажите[4] и да ја подобрат родовата еднаквост на локално ниво. Препораките во анализата се засновани врз резултатите добиени од спроведеното истражување од страна на Реактор – Истражување во акција преку консултативните средби одржани во секоја од општините, како и врз добиените мислења од страна на локалната администрација. Наодите се базираат и на консултации со корисниците на програмите, локалното население, невладини организации и јавни установи.

## Правна и законска рамка за родова еднаквост

Родовата еднаквост претставува една од вредностите на уставниот поредок на Република Македонија. Основното начело на еднаквост, односно недискриминација, воспоставено со Уставот, гарантира дека „граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло и верското уверување, имотната и општествената положба". Покрај тоа, од страна на државата се потпишани и се ратификувани главните меѓународни конвенции што ги заштитуваат и ги промовираат правата на жените и родовата еднаквост. [5] Во изминатите години, во државата се усвоени голем број закони насочени кон унапредување на родовата еднаквост и кон зајакнување на жените. Законот за еднакви можности на жените и мажите, Законот за спречување и заштита од дискриминација, Изборниот законик и Законот за работни односи се насочени кон спречување на дискриминацијата врз основа на полот и кон поттикнувањето на родовата еднаквост во Република Македонија. Националната стратегија за родова еднаквост (2013–2020) и Стратегијата за воведување на родово одговорно буџетирање (2012–2017) се исто така усвоени од страна на државата со цел унапредување на родовата еднаквост. Покрај Законот за еднакви можности, Стратегијата на Владата за воведување на родово одговорно буџетирање (2012–2017) предвидува единиците на локалната самоуправа во целост да го вклучат концептот на родова еднаквост во политиките и во донесувањето на своите буџети.

Законот за еднакви можности на жените и мажите[6] дава насоки за вклучување на принципот на еднакви можности во главните текови на реорганизирање, подобрување, развивање и процена на политичките процеси на сите нивоа и во сите фази.

Овој закон исто така ја поставува институционалната рамка за воспоставување родова машинерија, која е потребна за да ги поддржи и да ги обезбеди сите неопходни процеси за постигнување целосна родова еднаквост. Институционалната родова машинерија во државата се протега низ централната и низ локалната власт. Родовата машинерија на централно ниво е составена од:

**Министерството за труд и социјална политика (МТСП),** кое е одговорно на национално ниво за еднаквите можности и за следење и координирање на имплементацијата на Законот, стратегиите и оперативните планови за родова еднаквост на централно и на локално ниво.

---

4 Според промените во изборниот законик во 2015, најмалку 40% од кандидатите му припаѓаат на помалку застапениот пол и тоа на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места (парламент,ЕЛС и Градот Скопје) - http://bit.ly/1UrmSGB

5 Пекиншката декларација и платформа за акција (1995), Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW), Милениумската декларација и Милениумските развојни цели, Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН: жените, мирот и безбедноста (2000). Освен Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и превенција на насилство врз жените и семејно насилство (Истанбулска конвенција).

6 Закон за еднакви можности на жените и мажите (2012), Службен весник на РМ број 6/2012, датум 13.1.2012.

**Секторот за еднакви можности,** кој е дел од Министерството за труд и социјална политика, основан во март 2007 година. Секторот е составен од Одделение за родова рамноправност и Одделение за превенција и заштита од секаков вид насилство и дискриминација.

Во рамките на МТСП е одреден **правен застапник за еднакви можности**, кој е одговорен за докажување нееднаков третман врз основа на полот. Застапникот, во согласност со членот 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, е назначен да води и процедури за заштита од дискриминација врз основа на полот при активности на субјектите во јавниот и во приватниот сектор.

**Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Собранието**, чија задача е интегрирањето на принципот на еднакви можности на жените и мажите во законите, политиките и програмите и унапредувањето на родовата еднаквост преку следење на процесот на усвојување на основните и посебните мерки и на мерките за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите.

**Координаторите за еднакви можности помеѓу мажите и жените во органите на државната управа,** кои имаат обврска да се грижат за унапредување на еднаквите можности во рамки на институциите преку следење на состојбата, давање предлози и мислења и преку подготовка на годишни извештаи до МТСП како ресорно министерство одговорно за спроведување на Законот за еднакви можности.

**Интерресорската консултативна група за еднакви можности на жените и мажите**, составена од државни службеници, претставници на граѓански организации, асоцијации на работодавачи, експерти, претставници на локалната самоуправа, синдикати и други лица. Интерресорската група е одговорна да го промовира концептот на родова еднаквост во генералните политики на сите јавни институции, да ја следи интеграцијата на родовата перспектива во секторските политики во соработка со социјалните партнери и институции на одделни области, да го следи напредокот на усогласувањето на законодавството со Европската Унија и со европските стандарди за родовите прашања, да се вклучи и да дава насоки во подготовка на стратегија за родова еднаквост и да ги следи периодичните извештаи на институциите.

Во согласност со членот 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа се формираат механизми на две нивоа: Комисија за еднакви можности (КЕМ), како постојано советодавно тело од општинскиот совет (членовите 14 и 15) и Координатор/ка за еднакви можности, како дел од општинската администрација. Одговорноста на КЕМ е да ги разгледува плановите за развој и законските акти и одлуки, како и да обезбеди препораки, активности и мерки (пред да бидат одобрени) во општинскиот совет. КЕМ се должни да соработуваат со асоцијациите на работодавачи, синдикатите, невладините организации и граѓанските асоцијации што се активни на полето на еднаквите можности. Задачите и одговорностите на КЕМ треба да се дефинираат со статутот на општината. Сепак, досега само во статутите на неколку општини има објаснување за мандатот на КЕМ, а и во овие случаи, информациите се општи и многу кратки.

[7]Координатор/к/ите за еднакви можности, именувани како дел од општинската администрација, имаат задолжение да соработуваат со КЕМ и се одговорни за имплементација на одговорностите и обврските на локалната самоуправа што произлегуваат од Законот за еднакви можности за жените и мажите.

---

7 Акција Здруженска. (2014) "Две години потоа: Мониторинг на напредокот во примената на Законот за еднакви можности на жените и мажите".

Сепак, односите на соработка помеѓу Координатор/к/ите и КЕМ не се јасно дефинирани во статутите на ЕЛС.

„Иако формално родовата машинерија е воспоставена, нема доволен напредок во однос на исполнувањето на обврските што произлегуваат од Законот за еднакви можности“ е еден од главните наоди произлезен од мониторингот и имплементацијата на овој Закон направен од страна на „Акција Здруженска“. Според наодите на „Акција Здруженска“, само 4% од КЕМ доставиле предлози и мислење до општинскиот совет, додека само 1% доставиле амандмани за буџетот. Ова беше забележано и во завршните опсервации на Комитетот на Конвенцијата на ООН за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (CEDAW), за комбинираниот четврти и петти периодичен извештај за државата: „Комитетот го забележува недостигот од видливост, од влијание во процесите на носење одлуки и од координација на релевантните институции, што укажува на нискиот приоритет кон постигнување родова еднаквост од страна на државата“.[8] Покрај тоа, во поголемиот дел од општините нема алоцирано финансиски ресурси за работата на Комисијата за еднакви можности, Комисијата не е вклучена во изготвување на општинските програми и општината нема утврдено јасни цели и мерки за подобрување на родовата еднаквост. Според Регионалниот преглед и одговор на прашалникот за имплементација на Пекиншката декларација и платформа за акција (1995) и резултатите од 23-тата сесија на Генералното собрание (2000) за подготвување на регионален преглед и процена во контекстот на 20 години од усвојувањето на Пекиншката декларација и платформа за акција во 2015 година, се вели дека „покрај постигнатиот напредок во одредени области како директен резултат на ангажманот и посветеноста на родовата машинерија, може да се заклучи дека капацитетите на институционалните механизми не се на задоволителен степен за да одговорат целосно на обврските што произлегуваат од Законот за еднакви можности“.[9]

## Родово одговорно буџетирање во Република Македонија

Советот на Европа го дефинира родовото буџетирање како „примена на родовата еднаквост во буџетскиот процес. Тоа подразбира родово заснована процена на буџетите, инкорпорирање на родовата перспектива на сите нивоа на буџетскиот процес, како и преструктуирање на приходите и на расходите со цел да се промовира родовата еднаквост“. Според Бадлендер и Хевит, целта на родово одговорното буџетирање е жените и мажите да бидат вклучени во буџетскиот процес, како и буџетот да ги одразува потребите на жените и мажите преку начинот на кој се распределени средствата.

Понатаму, во текот на процесот на осмислување на родово одговорниот буџет, целта е да му се даде приоритет на развивањето секторски политики, кои ќе доведат до:

- намалување на сиромаштијата;
- зголемување на степенот на демократизација на општеството, како и на транспарентноста;
- отстранување на дискриминацијата врз основа на родот и на родовите нееднаквости;
- имплементација на принципот на родова еднаквост и интеграцијата на овој принцип во фискалниот систем на државата и на субјектите;
- јакнење на свеста и ширење информации за проблемите на жените и можност за нивно решавање;
- економско и политичко јакнење на жените во сите сфери и подигање на степенот на економската и правната „писменост“ на жените;

8 CEDAW. 2013. Заклучоци и препораки за Македонија.

9 МТСП (2014). Регионален преглед и одговор на прашалник за имплементација на Пекиншката декларација и платформа за Акција (1995) и резултатите од 23. сесија на Генералното собрание (2000) за подготвување регионален преглед и процена во контекст на 20 години од усвојувањето на Пекиншката декларација и платформа за акција во 2015 година.

> соработка помеѓу институциите и невладиниот сектор на локално ниво со цел да се искористат локалните ресурси и да се развијат одржливи структури; и

> зголемена одговорност на сите општествени актери и мониторинг на нивната работа.[10]

Првите иницијативи за воведување на концептот на родово одговорно буџетирање (РОБ) во Република Македонија започнаа во 2008 година на иницијатива на Министерството за труд и социјална политика, поддржани од страна на UN Women, а започнувајќи од 2011 година, во рамки на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово одговорни политики во Југоисточна Европа", се имплементираат бројни активности за институционализација на РОБ на централно и локално ниво. Во рамки на проектот се спроведоа повеќе пилот-активности за оцена на политиките и буџетите на национално и на локално ниво со цел да се подигне свесноста за различните исходи и влијанија на тие политики за жените и мажите. Понатаму, се направија низа напори за да се покаже кои се придобивките што може да ги имаат креаторите на политиките и нивните корисници од примената на родово одговорното планирање на политиките и буџетите.

**Буџетот е една од најзначајни алатки преку кој Владата распределува ресурси за имплементирање на своите политики. Буџетот е клучен индикатор за приоритетите на Владата, како и индикатор за тоа како Владата му пристапува и го поддржува развојот.**

Воведувањето родово одговорно буџетирање беше проследено со измени и дополнувања на Законот за еднакви можности за жените и мажите и усвојување на Стратегијата за родово одговорно буџетирање.[11] Со овие законски и стратешки рамки се дефинираат мерките за систематско интегрирање на начелото на еднакви можности за жените и мажите во процесот на креирање, спроведување и следење на политиките и буџетите на национално и на локално ниво[12]. Во 2013 година, во согласност со Законот и со Стратегијата, Министерството за финансии го измени буџетскиот циркулар и задолжи три пилот-министерства (Министерството за труд и социјална политика со Агенцијата за вработување, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за здравство) да изберат програми за родова анализа на буџетот и да развијат родови индикатори за подобрување на родовата одговорност на самите програми, а од 2015 година оваа одредба во буџетскиот циркулар се однесува на сите министерства.

## Родовата еднаквост во Република Македонија

Родовите диспаритети и нееднаквости во државата се и понатаму присутни во сите области. Во политиката жените не се доволно застапени ниту во централната ниту во локалната власт. Имено, во кабинетот составен во 2014 бројот на жени министерки се 7,7% жени (2 жени од 26 министерски позиции) а со промените во составот на Владата во 2015 и 2016 година процентот на жени на министерски позиции во 2016 достигнува 17% (4 жени од 24 министерски позиции)[13]. На локално ниво, од 81 локална самоуправа, жени-градоначалнички има само во четири општини, додека во просек во една од три општини, во општинските совети жените се застапени со помалку од 20%.[14]

10 Budlender, D & Hewitt, G (2003). Gender Budgets Make More Cents Country Studies and Good Practice
11 Министерство за Труд и Социјална Политика (2014) - Методологија за родово одговорно буџетирање на централно ниво (2012)
12 Член 5 од Законот за еднакви можности за жените и мажите (2012).
13 Влада на Република Македонија, Состав на членовите на Владата на РМ во 2016 достапно на http://vlada.mk/node/115http://vlada.mk/#.
14 Реактор – Истражување во акција (2015) Жените во политиката: Патот до политичките функции и влијанието на локално ниво во Македонија.

Во образованието, иако бројот на жени што завршуваат високо образование во континуитет[15] е повисок од бројот на мажи, жените сеуште се малцинство меѓу наставниот кадар и персоналот за поддршка на високообразовните институции.[16] На најголемиот универзитет, „Св. Кирил и Методиј", само 13%[17] од деканите се жени, додека на Државниот универзитет во Тетово, нема жена-декан (Државен универзитет во Тетово). Ситуацијата е нешто подобра на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, каде што 19% од деканите се жени.

Родови нееднаквости на различни начини се манифестираат и на пазарот на труд. Родов јаз постои во стапките на вработеност (32.4% жени наспроти 50.1% стапка на вработеност кај мажите)[18] и економска активност (45,8% жени во споредба со 68,5% за мажи), како и меѓу платите што ги заработуваат жените и мажите. Стапката на вработеност е особено ниска за младите жени, жените од руралните средини, Ромките и жените со попреченост. Дури и кога се вработени, жените заработуваат во просек помалку од 80% од заработувачката на мажите[19] и најчесто се вработени во индустрии што се пониско платени. Понатаму, разлики постојат и во раководните позиции, при што 71% од менаџерите се мажи[20].

## Процесот на децентрализација и родовата еднаквост

Во 2002 година Македонија започна комплексен реформски процес на децентрализација, односно „развојот на децентрализирана влада" како еден од клучните принципи. Фискалната децентрализација се одвиваше во две фази, овозможувајќи асиметрична поделба на фискалната моќ. Првата фаза на спроведување на процесот на фискалната децентрализација е постепено пренесување на надлежностите на локалните самоуправи и регулирање на финансискиот систем на ЕЛС преку кој се уредуваат изворите на финансирање и органите надлежни за финансискиот систем на локалната самоуправа.[21] Втората фаза од фискалната децентрализација вклучува финансирање и имплементирање на утврдените надлежности со блок дотации во областа на образованието, социјалната заштита и културата. Сите четири единици на локална самоуправа што се дел од оваа студија се во втората фаза на фискалната децентрализација. Трендот кон децентрализација значи дека општините имаат поголема одговорност да планираат и да имплементираат политики што влијаат врз граѓаните во голем број сфери – од социјални услуги и образование до урбано планирање и комунални дејности.

Овие реформи, во теорија, дозволуваат локалните политики и буџети подобро да одговорат на потребите на граѓаните, да бидат транспарентни, одговорни и партиципативни, а со тоа отвораат влезни точки за систематско вклучување на родовата еднаквост во работата на единиците на локална самоуправа.

[15] Според државниот завод за статистика, до 2013, 60,6% од студентите што дипломирале се жени. http://rodovreactor.mk/subject/education/graphs/diplomirani-studenti-na-dodiplomski-studii-vo-republika-makedoni-po-pol-2000-2012-line/#.U7vZqPkbX9U.

[16] Државен завод за статистика, 2015-2016 - Наставници и соработници во високо образовните установи во академската 2015-2016 година. Достапно на http://www.stat.gov.mk/pdf/2016/2.1.16.10.pdf

[17] Состав наУниверзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, http://ukim.edu.mk/mk_struktura.php.

[18] Државен завод за статистика, "Анкета за работната сила, 2014", достапно на http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=3, 2015, Скопје.

[19] Казанџиска, Ристеска и Шмит (2012), http://goo.gl/vq5mEP.

[20] Државен завод за статистика, "Анкета за работната сила, 2014", достапно на http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=3

[21] Фискален монитор - Фискален монитор е веб страна која ќе им овозможи на граѓаните лесен пристап до податоците за буџетите на најголемите општини во Македонија. Достапно на: http://www.fiskalenmonitor.mk/#sthash.8pi9X5i2.dpuf

# Методологија

При изработка на оваа анализа беа користени различни методи за прибирање на податоци со цел да се направи сеопфатна анализа на одбраните програми. Истите се избрани како препорачани соодветни методолошки алатки во постоечката литература, односно алатките за родова анализа развиени од UNDESA – Оддел за економски и социјални работи на Обединетите Нации, алатките за родова анализа и вклучување на родовата перспектива на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC Gender toolkit) [22]. Поконкретно, податоците за студијата беа добиени преку анализа на содржините на програмите, полуструктуирани интервјуа со засегнати страни, фокус групи со корисничкиците/ци на различните услуги, опсервации, рангирање на приоритети, пристап до информации од јавен карактер и состаноци за валидација (на наодите) со претставници на индивидуалните општини.

Вкупно пет истражувачи учествуваа во теренското собирање на податоците. Детална методологија беше изготвена и доставена на одобрување од страна на UN Women. Теренското прибирање на податоците се одвиваше од декември 2014 до 15 февруари 2015 година. Селекцијата на програмите што се предмет на анализата беше направена од страна на самите општини, а критериумите на програмите беа утврдени во соработка со канцеларијата на UN Women и со истражувачката организација. Критериумите што служеа како насоки за општините при изборот на програмите за родовата анализа се следните:

- Програмата да има што поголем процент/степен на реализација.
- За програмата да е определена значителна финансиска сума, да постои детална буџетска рамка и средствата да бидат на располагање на општината (да не бидат единствено резервирани за административни трошоци, како плати и слично).
- Програмата да биде во надлежност на одреден сектор или комисија, односно во општината да постојат човечки капацитети што би можеле да се вклучат во самата анализа и кои би работеле со експертите.
- Програмата да е од големо значење за општината и да одговара на приоритетите на граѓаните (доколку постојат податоци за предлози и за приоритети изразени од граѓаните во одредена област).

[22] Швајцарска агенција за развој и соработка,алатки за вклучување на родовата перспектива https://www.eda.admin.ch/deza/en/home/themes-sdc/gender-equality/instruments-gender-mainstreaming.html

## Анализа на содржината на одбраните програми и буџетски процеси

Анализа на содржината на одбраните програми и буџетски процеси беше направена за да се разгледа степенот на инкорпорирање на родовите аспекти во локалните програми и буџетски процеси. Со неа се анализираше дали и во која мера различните приоритети на жените и на мажите се земени предвид во фазата на планирање, како и дали и во која мера јазикот користен во програмите ја одразува родовата нееднаквост.

Програми и процеси што се анализираат се: Процес на подготовка на годишна програма и буџет на Општина Боговиње за 2013 година и Стратегијата за локален развој во Општина Боговиње за 2014 година; Програмата за образование на Општина Аеродром за 2014; Програмата за развој на туризмот во Општина Маврово и Ростуше и Програмата за култура на Општина Ѓорче Петров и активностите на општината во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2014 година.

## Барања за пристап до информации

Барање на информации најчесто се одвиваше преку телефонска комуникација со организации и здруженија преку кои се користат услугите на општините, односно кои им помагаат на граѓаните да имаат полесен пристап до дел од програмите кои ги нудат локалните самоуправи. Во прибирање на податоците беа вклучени двајца истражувачи. Податоците кои се собираа преку овој метод беа демографските карактеристики на корисниците на програмите (род, возраст, примања и слично).

## Полуструктурирани интервјуа со засегнатите страни

Помеѓу ноември 2014 и јануари 2015 година беа направени вкупно 27 полуструктурирани интервјуа со клучните засегнати страни. Од вкупниот број испитаници, 19 беа мажи, а 8 жени. Интервјуата беа во форма на слободно одговарање, а однапред беа одредени само главните теми и прашања за дискусија. Од вкупниот број интервјуа, 15 беа телефонски, а 12 интервјуа беа лице в лице. Телефонските интервјуа во просек траеја околу 10 минути, додека интервјуата лице в лице траеја од 20 до 90 минути. Телефонските интервјуа беа спроведени во просториите на Реактор, додека останатите интервјуа беа спроведени на локации одбрани од испитаниците, најчесто во нивните работни простории.

Интервјуирани беа претставници/чки на локалната самоуправа, на јавни институции на локално ниво и на граѓански организации. Од овие институции и организации беа интервјуирани членови на Комисиите за еднакви можности, вработени во секторот за финансии и буџет, секторот за локален економски развој, секторот за јавни дејности (одговорен за образование и за социјална заштита), претставник на јавното комунално претпријатие и претставник на локална невладина организација, како и раководители/ки, претседатели/ки и претставници/чки на здруженија кои за своите членови обезбедуваат услуги и сервиси што ги нудат општините. Во текот на интервјуата испитаниците имаа можност да го образложат своето мислење, да дадат забелешки и пофалби за процедурите што се поврзани со користење на услугите од страна на нивните членови. Дополнително, на испитаниците/чките им беа дадени и детали за контакт од истражувачите ако сакаат да доставаат дополнителни информации додека течат проектните активности.

## Фокус-групи

Во Општина Боговиње беа спроведени интервјуа со 3 фокус групи.. Иако првично беше планирано интервју со една фокус-група да се спроведе и во општината Маврово-Ростуше, тоа не се случи поради спецификите на општината и поради раздалеченоста на селата. Наместо оваа фокус-група, во а и Маврово-Ростуше беа интервјуирани 6 жени вклучени во различни активности и манифестации.

Во Општината Боговиње фокус-групите беа, тематски поделени според трите стратешки приоритети: економски развој, социјална политика и животна средина. Интервјуата со фокус-групите се одржуваа во просториите на самата Општина. Со секоја фокус-група се одржаа сесии што траеја 90 минути, при што две истражувачки ја модерираа дискусијата. Од сите дискусии е направен аудиозапис, а дополнително се водеа белешки за време на интервјуата. Вкупно 27 учеснички земаа учество во фокус-групите, сите жени. Со сите учеснички беше стапено во контакт преку општинската администрација или преку лични контакти. Се водеше сметка во сите групи да има баланс во однос на возраста, позицијата на пазарот на трудот, како и местото на живеење на испитаничките.

## Опсервации

Во Општината Боговиње беа спроведени вкупно 3 опсервации на работата на буџетскиот форум за подготовка на буџетот на Општината за 2015 и опсервации на работните средби за подготовка на локални политики. Во Скопје беа направени опсервации во ноември 2014 година од страна на еден истражувач во Основното училиште „Александар Македонски“ во Општината Аеродром, каде што е направено партерно уредување[23]. Опсервациите се направени во попладневните часови од 14 до 15 часот и во вечерните часови од 17:30 до 18:30 часот со цел подобро да се оценат начинот на користење и корисниците на овој простор. Дополнително се анализираа и осветлувањето, како и положбата и достапноста на партерното уредување.

## Индикатори за вклучување на родовиот аспект во носење и во имплементација на програмите

Степенот на вклучување на родовиот аспект во носење и имплементација на програмите се мери преку 11 индикатори. Листата на индикатори е сеопфатна и при тоа не се очекува дека програмите кои се предмет на анализа ќе ги исполнуваат сите. Индикаторите преку кои се мери родовиот аспект во програмите се следните:

1. Анализата на состојбата содржи родово разделени податоци со цел да се прикажат бројот и родот на корисници на програмите,
2. Анализата содржи информации за социо-економската положба на жените.
3. Значењето на родовата еднаквост е наведено.
4. Дефинирани се родови цели во рамки на приоритетите.
5. Дефинирани активности за унапредување на родовата еднаквост во рамките на целите.
6. Области во кои има јасно дефинирани активности за унапредување на положбата на жените.
7. Предизвици што се наведени во однос на програмите и на родовата еднаквост.

[23] Партерното уредување подразбира обликување и организирање на содржините, програмата, урбаната опрема и зеленилото на просторот од урбаната парцела кој е вон градежната линија на објектот/зградата.

8. Родови индикатори за мониторинг на имплементацијата.
9. Предвиден буџет за реализација на приоритетите.
10. Назначени финансии за активности за унапредување на родовата еднаквост.
11. Износ на финансиските алокации специфично назначени за унапредување на родовата еднаквост.

Сепак, индикаторите треба да се земат во предвид при понатамошното креирање на програми со цел програмите да бидат родово одговорни.

## Рангирање на приоритетите од страна на граѓаните

Овој метод беше искористен со цел да се утврдат најважните потреби и приоритети на жените и мажите во општината, тие да се споредат со активностите и приоритетите на општината и да се дадат насоки за подготовка на новата стратегија за локален одржлив развој. Вкупно 48 лица беа вклучени на средбите за идентификување и приоритизирање на проблемите како што ги доживуваат жените и мажите, при што се водеше сметка да бидат вклучени жители од различна возраст, со различно место на живеење, како и со различна позиција на пазарот на труд.

## Сезонски календар на активности

Овој метод се употреби за да се добие увид во распределбата на активностите на жените и мажите и нивниот обем во текот на годината со цел да се утврди соодветноста на планираните активности од страна на општината во дадениот временски период. Сезонскиот календар се користи како алатка за илустрирање на активности во подолг временски период (земјоделски, семејни активности, празници, и други случувања во заедницата), како и состојби (економски и социјални) кои се јавуваат во текот на годишниот циклус и ни кажува што прават луѓето за време на овие периоди. Повторно во овој период немаше услови за организирање работилница за поголема група жени на која би можело заеднички да се направи календарот, па информациите се добиени врз основа на разговорите со сите вклучени жени-корисннички и со вработените во администрацијата.

## Анализа на официјални статистички податоци

Достапните статистички податоци беа анализирани со цел подобро елаборирање на контекстот, но и анализа на резултатите и предизвиците што произлегуваат од програмите на општините. При анализата на достапните секундарни податоци беа користени следните критериуми: а) идентификување на трошоците што директно ги засегаат жените и девојките; б) одредување на процентот на жени од вкупната популација корисници на програмите; и в) одредување на бројот невработени жени во селектираните програми.

## Состаноци за валидација на наодите

Во рамките на проектот беа спроведени состаноци за валидација на наодите во општините каде што се спроведуваше анализата. Состаноците имаа за цел да се презентираат наодите, како и да се развие дискусија и да се изработат понатамошни препораки за подобрување на програмите од родова перспектива. На состаноците присуствуваа членови на комисиите за еднакви можности и соодветните комисии засегнати со индивидуалните програми, како и административните службеници и раководители што директно се вклучени во изработката на програмите.

# Ограничувања на анализата

Студијата имаше за цел да направи увид во буџетите на дел од програмите на општините и на тоа како програмите одговараат на потребите на жените и на девојките во општините. Распределбата на буџетот на програмите и мерата во која активностите и мерките се наменети за поттикнување на родовата еднаквост, исто така беа предмет на оваа анализа.

Ограничување на студијата е тоа што анализата се фокусира само на расходот на буџетите, односно како е распределен буџетот во однос на родовите потреби. Поради ограничениот опсег, капацитет и ресурси, студијата не опфаќа други важни аспекти, како што се: даночната стапка, макроекономската политика, влијанието од неплатената работа, приватизацијата и тековните реформи во рамките на социјалното осигурување. Дополнително, со новата територијална организација од 2004 година, за општините што се дел од оваа студија од Пописот во 2002 година, нема нови податоци, а притоа податоците од 2002 година не може директно да се искористат.

Една од поголемите пречки со кои се соочија истражувачите е недостигот на податоци со кои располагаат дел од општините, како и подолгиот период за добивање на податоците. Истражувачкиот тим наиде и на тешкотии при прибирањето на податоците поврзани со видот на реализирани активности и средствата наменети за нив. Дел од програмите немаат јасен преглед на активностите и колку средства се потрошени на истите.

Во некои од направените фокус-групи имаше ограничен број испитаници и учеснички (користен е пригоден примерок) и нема подеднаква опфатност на испитаници од сите населени места.Иако може да се забележи дека поголемиот дел од општините делумно располагаат со родово разделена статистика, сепак, дел од општините воопшто не располагаа со родова поделена статистика и прибирањето на ваквите информации се покажа како голем предизвик.

Во Општина Маврово и Ростуше, поради спецификите на територијата, немаше можност за организирање на заеднички фокус-групи, па затоа се направени одделни разговори со учесничките.

# Општина Боговиње

## Подготовка на годишна програма и буџет на општината за 2013 година

### Профил на општината

Општина Боговиње е рурална општина лоцирана во северозападниот дел на земјата, на левата страна на реката Вардар, Полошкото Поле и под падината на Шар Планина. Според податоците на Државниот завод за статистика, во општината има 7,299 домови, со вкупно 30,503 жители, кои живеат во 16 населени места во општината, од кои 14,956 се жени и 15,547 се мажи. Најголемиот дел на жители во општината се Албанци (95%), потоа Турци (4%), Македонци (0.13%) и други (0.50%). Во општината има една градинка лоцирана во објект на основно училиште во Боговиње, без јасли. Во регионот на општината нема центар за грижа на стари лица или институции за грижа на деца и на возрасни со посебни потреби.

### Локалниот економски развој и родовата еднаквост

Локалниот економски развој претставува партиципативен развоен процес што се одвива на определена административна територија и определен специфичен контекст, во партнерство со голем број приватни и јавни институции и релевантни актери[24]. Овој процес би требало да обезбеди ефикасно користење на локалните ресурси и компетитивните предности за креирање работни места и одржлив развој. Иако станува збор првенствено за стратегија за економски развој, намалувањето на сиромаштијата и на социјалната инклузија се неразделни цели на овој процес. Тоа значи дека креирањето и имплементацијата на стратегијата за локален економски развој (ЛЕР) мора да создаде простор за активно вклучување на сите групи во заедницата, еднаков пристап до услуги и ресурси и можност за подеднакво учество во носењето одлуки. Локалниот економски развој не е родово неутрален процес – жените и мажите, момчињата и девојките имаат различни потреби, аспирации, перцепции и приоритети. Локалните власти не можат да обезбедат рамномерен одржлив развој без да ги земат предвид различните потреби и да обезбедат политики и сервиси што им одговараат.

[24] Дефиниција на Меѓународната организација на трудот (ILO, 2010).

Постојат голем број истражувања што јасно демонстрираат дека еднаквите можности го подобруваат и го забрзуваат развојот.[25] Истражувањето „Global Entrepreneurship Monitor 2012" покажува дека жените во земјите во развој реинвестираат дури 90% од своите приходи во семејството и децата – образование, здравје и исхрана, во споредба со само 30–40% кај мажите. Општо земено, општествата со поголема родова еднаквост доживуваат побрз економски развој. Според истражувањето на Министерството за интеграција и родова еднаквост на Шведска, родовата еднаквост е во позитивна корелација со бруто-домашниот производ (БДП) по глава жител кај земјите-членки на Европската Унија. Со други зборови, кога жените имаат еднакви можности со мажите, придобивките ги чувствува целата заедница.

## Анализа на стратегијата за локален развој во Општина Боговиње

Предмет на оваа родова анализа во Општината Боговиње е Стратегијата за локален економски развој. Стратегијата е изработена во 2005 година со визија во 2015 година Општината Боговиње да биде урбанизирана, економски развиена и културно информирана општина со едуцирано население и со чиста животна средина. Акцискиот план на стратегијата го опфаќа периодот 2006–2009, но во отсуство на нов акциски план сѐуште се важечки постојните цели. Конкретно, родово буџетската анализа се фокусира на годишната програма и на буџетот за 2013 година. Заклучоците и препораките од анализата ќе бидат ставени во функција на подготовка на новата општинска стратегија за одржлив развој. Стратегијата се осврнува на три области на развојот: 1) економија, 2) социјална политика и развој и 3) животна средина.

Во табелата подолу се наведени родови индикатори со цел да се измери степенот на вклучување на родовиот аспект во носење и во имплементација на програмите.

| **Индикатор** | **Предвидени мерки** | | |
|---|---|---|---|
| | Економски развој | Социјална политика и развој | Животна средина |
| Анализата на состојбата содржи родово разделени податоци со цел да се прикажат бројот и родот на корисници на програмите. | Нема податоци разделени по пол | | |
| Анализата содржи информации за социоекономската положба на жените. | нема | нема | Нема |
| Значењето на родовата еднаквост е наведено. | нема | како очекуван резултат од предвидените проектни активности | Нема |
| Дефинирани родови цели во рамки на приоритетите. | Нема | не е поставена како посебна цел, туку на ниво на очекувани проектни резултати. | Нема |

[25] Родова перспектива и учество на жените во локалниот развој – најдобри практики, Совет на министри на ЕУ, септември 2007.

| Индикатор | Предвидени мерки | | |
|---|---|---|---|
| Дефинирани активности за унапредување на родовата еднаквост во рамките на целите. | Нема | поддршка за основање на организација на жени во општината, воспоставување микрокредитна линија за поддршка на женско претприемништво, организација на настани и саеми за промоција на ракотворби и производи подготвени од жените од општината | Нема |
| Области во кои има јасно дефинирани активности за унапредување на положбата на жените. | Нема | здружување, економско јакнење, промоција на традиционални занаети и ракотворби | Нема |
| Предизвици што се наведени во однос на програмите и на родовата еднаквост. | Нема | еманципација, едукација и невработеност | Нема |
| Родови индикатори за мониторинг на имплементацијата. | Нема | број на жени од ранливи групи што заработуваат од самостојна дејност | Нема |
| Предвиден буџет за реализација на приоритетите. | 152, 766, 873.08 МКД | 163,358,763.00 МКД | 373, 243,500.00 МКД |
| Назначени финансии за активности за унапредување на родовата еднаквост. | Нема | поддршка на женска НВО, поддршка на мали бизниси управувани од жени, саем на ракотворби | Нема |
| Износ на финансиските алокации специфично назначени за унапредување на родовата еднаквост. | Нема | 59 000 евра | Нема |

Според стратегијата[26] за локален економски развој на Општина Боговиње, одвоени мерки за унапредување на родовата еднаквост на ниво на стратешки приоритети не постојат. На ниво на активности и проекти за реализација, жените како целна група се наведени единствено во вториот стратешки приоритет[27] (социјална политика и развој) како дел од мерката за зачувување на традиционалните занаети и ракотворби. Предвидени се неколку активности што треба да одговорат на овие цели во овој стратешки приоритет: поддршка за основање женска невладина организација во општината; воспоставување

[26] Стратегијата за локален економски развој на Општина Боговиње објавена на официјалната веб-страница на Општината http://www.komunabogovine.gov.mk.
[27] Ибид

микрокредитна линија за поддршка на мали бизниси управувани од жени; поддршка на занаетчиството и на изработката на ракотворби, како и организирање саем на ракотворби. Во сите овие активности жените се наведени како целна група и подобрувањето на родовата еднаквост во општината е еден од очекуваните резултати. Се чини дека економското зајакнување на жените во општината се третира преку призмата на социјалната заштита. Ако се земе предвид потребата од дополнителни мерки за вклучување на жените на пазарот на трудот, ваквиот пристап за поддршка на жените во општината е оправдан. Понатаму, предвидени се активности за поддршка на жените, преку формирањето невладина организација, но за разлика од воспоставената програма за економско јакнење, во општината сѐуште нема активна организација на жените. Имено, основана е невладина организација за локален развој, како што е и посочено во Стратегијата, но учесничките на фокус-групите ја потенцираа потребата од постоење организација што ќе работи исклучиво на унапредување на родовата еднаквост и која активно ќе ги застапува интересите на жените од општината.

Во останатите цели и приоритети, како ранливи/маргинализирани групи се посочуваат: децата, младите и старите лица. Во делот на анализа на состојбата во општината се забележува отсуство на родово разделени податоци во различните области. Родовата еднаквост не е препознаена како еден од предусловите за одржлив развој, иако во воведниот дел се набројуваат Милениумските развојни цели на ОН.

Во поглед на финансиските алокации, во секоја од приоритетните области на стратегијата најголем дел од средствата се однесуваат на капитални инфраструктурни инвестиции. Износот на средствата за активности што се директно посочени за унапредување на родовата еднаквост е 3,589,532.00 денари од вкупните 681,607,329.00 денари предвидени за реализација на Стратегијата (2006–2009), што претставува само 0,5% од вкупниот буџет. Притоа, дел од предвидените проекти, како што се градењето градинка и дом за стари лица, се директно поврзани со унапредувањето на положбата на жените, но тоа експлицитно не се посочува во самиот документ.

Стратегијата за локален економски развој на Општината Боговиње[28] е изготвена со поддршка на проектот Локален одржлив развој, имплементиран од страна на Развојната програма на Обединетите нации (УНДП) во 2005 година. Носители на процесот се членовите на локалната лидерска група и претставници од различни области како што се: администрација, бизнис сектор и невладини организации, во соработка со тим од консултанти и од обучувачи. За родовата структура на вклучените во процесот нема информации. Самиот документ ја наведува партиципативноста како еден од основните принципи на кои се темели стратегијата, но во отсуство на поконкретни информации не може да се изведе заклучок за реалната примена на овој принцип и за можноста на граѓаните да учествуваат и да влијаат врз изборот на приоритетите. Во делот на идентификување на предизвиците и на проблемите со кои се соочува општината, невладините организации се единствени што ја нагласуваат потребата да се работи на едукација, еманципација и на зајакнување на жените.

[28] Стратегијата за локален економски развој на Општина Боговиње објавена на официјалната веб-страница на Општината http://www.komunabogovine.gov.mk.

# Подготовка на годишна програма и на буџет за 2013 година

За 2013 година, општината ги издвојува урбаното планирање и инфраструктура, економскиот развој, заштитата на животната средина и образованието како приоритети за развој на општината. Вкупниот предвиден буџет на општината за 2013 година изнесува 271,589,073.00 денари, додека реализираниот буџет изнесува 181,977,245.00 денари, односно, реализирани се 65% од средствата предвидени во буџетот.

Во однос на програмата и буџетот за реализација на приоритетите за 2013 година, тие се подготвени во рамки на буџетскиот форум во општината, спроведен со поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка. Општината веќе трета година го имплементира овој пристап за утврдување на приоритетните проекти за граѓаните. Процесот е воден од оперативна група[29] (ОГ) составена од претставници на општинската администрација, бизнис-секторот, невладини организации и општински советници. Во ОГ три од членовите се жени, од кои една е претставничка на Комисијата за еднакви можности во советот на општината, а другите четири члена се мажи. Улогата на ОГ е да го координира целокупниот процес, да организира средби со граѓаните, да ги евидентира сите предлози и сугестии на граѓаните, како и да известува за нив. Основната цел на буџетските форуми е партиципативност и транспарентност во носењето одлуки за распределба на буџетот, односно граѓаните сами да одлучуваат за приоритетите и за буџетските алокации за нив. Табелата 1 го претставува бројот на жени и на мажи што учествувале на работните средби, според која може да се заклучи дека првиот предуслов е исполнет, односно жените биле застапени во процесот на креирање на програмата и на буџетот. Понатаму, од оваа табела може да се забележи дека иако жените учествувале во буџетските форуми, сепак бројот на вклучени жени и мажи не е еднаков и во просек бројот на мажи е за 18% поголем од бројот на жени-учеснички.

**Табела 1:** Родово разделени податоци за учество на буџетски сесии за 2013 година

| Општина Боговиње | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на жители 28 998 | | | | | | |
| Сесија | Број на учесници на буџетските сесии | Жени | Мажи | Број на учесници во работните групи | Жени | Мажи |
| прва | 149 | 60% | 40% | 109 | 37% | 63% |
| втора | 100 | 44% | 56% | 89 | 41% | 59% |
| трета | 125 | 46% | 54% | 96 | 44% | 56% |
| четврта | 127 | 44% | 56% | 86 | 44% | 56% |
| петта | 128 | 37% | 63% | 101 | 35% | 65% |
| просек | 111 | 42% | 58% | 96 | 40% | 60% |

[29] Информациите се преземени од Извештајот за спроведување на буџетскиот форум 2013 година, доставен до истражувачите од страна на одделението за локален економски развој.

**Табела 2**

| Состав на работните групи | | | |
|---|---|---|---|
| Работна група | Број на членови | Жени | Мажи |
| Администрација | 12 | 4 | 8 |
| Образование | 29 | 15 | 14 |
| Здравство | 15 | 13 | 2 |
| комунални дејности | 8 | 0 | 8 |
| Советници | 6 | 3 | 3 |
| бизнис-сектор | 9 | 5 | 4 |
| Спорт | 11 | 0 | 11 |
| урбано планирање | 10 | 0 | 10 |
| здружение на ловџии | 9 | 0 | 9 |

Како што може да се забележи од Табелата 2, во составот на работните групи нема подеднаква застапеност на жените и на мажите. Постојат сектори, како што се: спортот, урбаното планирање и комуналните дејности, кои се доживуваат како „машки“ и во тие групи нема воопшто учество на жени, иако во рамки на форумските сесии се остава можност присутните граѓани сами да изберат во која работна група сакаат да учествуваат. Ова е многу значајно бидејќи инфраструктурните капитални проекти се приоритет во општината, при што е неопходно да има вклученост на жените во групите за урбано планирање и комунални дејности за кои се одвојува најголем дел од општинскиот буџет и затоа треба да се размислува за начини на поттикнување на жените за учество во овие групи. Специфично за Општина Боговиње е тоа што во групата за бизнис-секторот има повеќе жени-претставнички отколку мажи. Особено значаен факт е тоа што општината е најактивна во промоција и во поддршка на женското претприемништво и издвојува буџетски средства за овие активности.

Во рамки на петте буџетски сесии спроведени во периодот септември–декември 2012 година се предложени вкупно 53 проекти. Од страна на Советот во 2013 година се усвоени проекти за реализација во следните области:[30]

- 15 инфраструктурни проекти со вкупна вредност од 34,105,000.00 МКД;
- 6 проекти за животна средина со вкупна вредност од 3,820,000.00 МКД;
- 8 проекти за образование, спорт и култура со вкупна вредност од 8,540,000.00 МКД;
- 6 проекти за локален економски развој со вкупна вредност од 2,830,000.00 МКД.

[30] Финален извештај за спроведување на буџетски форум, Општина Боговиње, 2013,

Според информациите добиени преку личните интервјуа[31] со претставниците од општината, одлуките за усвојување проекти за реализација се носат врз основа на постоење ингеренции на општината во таа област, техничка изводливост и на потребната буџетска конструкција за реализација.

## Родова перспектива на приоритетните области во 2013 година

Вообичаено најголем дел од општинскиот буџет е предвиден за инфраструктурни капитални инвестиции како подготовка на урбанистички планови, изградба на локални патишта, уредување на речни канали и изградба на јавни објекти.

„Ние сме рурална општина со многу населени места и жители. Во изминатите години моравме да издвоиме и да обезбедиме средства за многу патишта, многу училишни објекти требаше да се реновираат, сите министерства и донатори бараат кофинансирање. Граѓаните тие работи прво ги бараат", претставник на Одделението за јавни дејности.

Ваквите проекти генерално се сметаат за „родово неутрални" бидејќи „патиштата се за сите, и мажи и жени и деца". Всушност, мобилноста и патната инфраструктура се едни од главните предуслови што им овозможуваат на жените, особено во руралните средини, пристап до образование, здравствени услуги, можности за вработување, социјализација и општествена активност. Како што е наведено, работните групи од областа на урбаното планирање и комуналните дејности што учествувале во подготовка на буџетот за 2013 година се составени само од мажи, односно изостанува учеството на жените во креирањето на овие политики.

„Задоволна сум што општината го направи патот, ама нема тротоар. Многу полесно и побезбедно ќе беше за нас да пешачиме да имаше тротоар", изјави една од учесничките во фокус-групите. Ова е типичен пример за различните перспективи за користење на патот од страна на жените и на мажите. Мажите доминантно користат автомобили како средство за превоз, додека жените го користат достапниот јавен превоз или се почесто во улога на пешаци. Овој пример покажува зошто е неопходно да бидат вклучени жените во процесите на планирање на инфраструктурните проекти, каде што би можеле различните аспекти и потреби да бидат земени предвид. Жените не само што треба да бидат консултирани за време на проектирањето за да се обезбеди интегрирање на родовата перспектива туку на крајот на инвестициите пред завршувањето на проектот добра практика е да се направи социјална ревизија за да се утврди дали новоизградената инфраструктура ги задоволува потребите на жените (широчина на тротоари, осветлување, знаци, обележување и слично).

Во рамките на програмата за заштита на животната средина за 2013 година, во соработка со невладини организации, реализирани се проекти што се однесуваат на зголемување на енергетската ефикасност во јавното осветлување, регулирање на речните корита и адаптација на климатските промени. Во извештајот[32] за реализација на проектот за енергетски ефикасно улично осветлување се вели: „Во однос на едукацијата на населението, посебен фокус беше ставен на женската популација земајќи предвид дека жените повеќе се вклучени во грижата во домаќинството и врзано со тоа, потрошувачката на електрична енергија". Ова укажува дека се вложени напори да се идентификуваат различните улоги на жените и на мажите и начинот на кој овие улоги се одразуваат во секојдневието. Сепак, не можеме да кажеме дека различните потреби се земени целосно предвид при имплементирањето на активностите. Имено, главната проектна активност е поставување енергетски ефикасни светилки во уличното осветлување и при носењето на одлуката за тоа

[31] Лични интервјуа со претставници од општината.
[32] Извештај за реализирани проекти 2013–2014 година, Општина Боговиње.

кои улици ќе бидат опфатени, во консултациите биле вклучени сите населени места. Консултациите се направени од страна на фирмата задолжена за одржување на јавното осветлување во општината. Посебна консултација со жените не е направена за да се дефинира кои се местата и улиците каде што жените не се чувствуваат безбедно и кои треба да бидат осветлени. Позитивен чекор во поглед на вклучување на родовата перспектива во оваа област е започнувањето подготовка на општинска стратегија за справување со климатските промени. Имено, еден од критериумите што треба да бидат испочитувани, а се однесуваат и на самиот процес и на дефинирањето на приоритетите и активностите е токму вклучувањето на родовата перспектива во сите фази. Во 2013 година процесот започнува со формирање работни групи што се родово балансирани и продолжува во 2014 година. Во периодов се очекува финализирање на самиот документ, кој треба да вклучи родови цели, активности и индикатори за нивно мерење.

Економското јакнење на жените е област во која општината најмногу инвестира и посветува најголемо внимание. Тоа е и единствената област што и при подготовката на стратегијата препознава потреба и простор за подобрување на положбата на жените и за унапредување на родовата еднаквост, иако претставува составен дел од приоритетот за социјална заштита. Во 2013 година овие активности се составен дел од развојната програма за локален економски развој.[33] Во рамките на оваа програма општината одвојува средства за грантови во опрема за мали бизниси управувани од жени што имаат потенцијал за експанзија. Грантовите се администрираат преку Фондот за поддршка на жените и младите претприемачи, основан во соработка со донатор и со приватниот сектор во регионот, врз основа на однапред дефинирани критериуми. Досега во рамките на оваа програма се поддржани 15 бизниси, од кои 14 се бизниси управувани од жени, додека еден од поддржаните млади претприемачи е од машки пол. Општината годишно одвојува 500,000.00 денари за Фондот. Покрај ова, во 2013 година општината е партнер во два проекта финансирани преку претпристапната програма (ИПА) на Европската Унија, чија цел е подобрување на потенцијалите за вработување на жените од етничките заедници. Во проектите општината учествува со свои средства во вкупен износ од 600,000.00 денари. Како резултат на идентификуваните потреби на вклучените учеснички во овој проект, отворен е првиот центар за поддршка на женското претприемништво во рурални средини. Просторот за центарот и вработувањето на две лица (едно од женски, едно од машки пол) во него се покриени финансиски од страна на општината, додека опремувањето со компјутерска опрема и мебел е покриено финансиски од страна на донаторот (ЕУ).

Во 2013 година, општината покренува уште една иницијатива за сертифицирање на жените што собираат диви билки, чаеви и плодови, со цел усогласување со законската регулатива на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. На учесничките на обуките покрај сертификатот, им се дава можност за потпишување договор со откупниот центар што функционира на територијата на општината, преку кој им е загарантиран откуп на билките и зголемување на приходите. [34]

„Зголемувањето на економската стабилност на жените е еден од главните приоритети што ги идентификувавме при подготовката на локалниот акционен план за еднакви можности и горди сме да кажеме дека работиме многу напорно за да го оствариме ова", објаснува градоначалникот на Општина Боговиње, г-динот Хазби Идризи.[35] Тоа што донаторите се заинтересирани за програми што ќе ја зајакнат економската моќ на жените исто така има влијание врз општината и врз нејзиното работење на оваа тема. Од друга страна, мора да се нагласи дека колку повеќе се зборува за потребата од економско јакнење на жените и се поддржуваат конкретни примери, толку повеќе се охрабруваат и се мотивираат другите жени да преземат иницијатива, со што се создава позитивен контекст и однос кон ова пра-

[33] Развојна програма за локален економски развој, 2013, Општина Боговиње.
[34] Ибид, реализирани проекти 2013–2014 година.
[35] Лично интервју со градоначалникот на Општината Боговиње, г-дин Хазби Идризи.

шање. Ова е важно бидејќи покажува како локалните власти можат да придонесат кон актуализирање на одредени прашања и кон подигнување на свеста на сите локални актери во насока на поддршка на тие активности.

„Најголем дел од буџетот досега моравме да издвојуваме за капитални инфраструктурни инвестиции. Како што се реализираат овие инвестиции, така секоја година можеме сè повеќе да му се посветиме на делот на социјалните политики, инвестициите во културата и слично", претставник на Одделението за јавни дејности.

Најголем недостаток идентификуван во областа на социјалната заштита е непостоењето на центар за грижа на стари лица и недоволниот број градинки во општината.[36] Имено, на територијата на општината има само една градинка во рамките на еден училиштен објект, без јасли, која функционира од 2013 година. Според вработените во општината, реален проблем во делувањето во оваа област е фактот што сѐ уште ги немаат сите ингеренции од централната власт, односно потребно е да добијат одобрување од Министерството за финансии за новите вработувања и во овие институции. Таков бил и случајот со постојната градинка, за која морале да чекаат речиси една година за да се одобри вработување, иако самиот објект бил веќе подготвен. Во согласност со програмата за 2015 година, училишниот објект во Камењане што ќе биде испразнет поради изградба на ново училиште, ќе биде искористен како простор за центар за ран детски развој, поддржан од програмата на УНИЦЕФ, како алтернатива за градинка во тоа населено место.[37]

## Приоритетните потреби на жените во Општина Боговиње

Во рамки на истражувањето беше направено рангирање на приоритети од страна на интервјуираните жени, со цел да се обезбедат податоци што ќе послужат на општината при подготовката на новата стратегија за одржлив развој. Беше подготвена листа на потенцијални приоритети, со можност за нејзино дополнување од страна на учесничките. Врз основа на добиените одговори, ранг листата на приоритетите за кои жените сметаат дека ќе им го подобри квалитетот на живот, е претставена подолу:

**Табела 3**

| Приоритети за жените од Општина Боговиње | |
|---|---|
| Приоритет | Главен приоритет |
| канализација | 1 |
| јавен превоз | 2 |
| градинки | 3 |
| културен центар | 4 |
| патна инфраструктура | 5 |
| здравствени домови | 6 |

Најважниот приоритет за жените е системот за канализација, кој недостига во општината и е во фаза на урбанистичко планирање. Неопходно е учество на жените во работните групи за комунално уредување

[36] Интервјуја со општинска администрација и со фокус-групи.
[37] Програма со планирани проекти за 2015 година, Општина Боговиње.

и за урбанистичко планирање и овој фактор општината мора да го земе предвид при подготовката на новата стратегија. Понатаму, мобилноста е веќе идентификуван проблем за жените од руралните средини, кој влијае врз нивните можности за вработување, социјализирање и за општествена активност и тоа е поврзано со места и содржини што ќе им понудат поквалитетен социјален живот. Ова беше потенцирано и од учесничките во сите три фокус-групи во насока на потребата од активна организација на жени што ќе ги артикулира нивните потреби пред локалните власти, но и ќе работи на креирање содржини за збогатување на нивниот културно-социјален живот.

„Еве ние сакаме да учествуваме на настани на кои можеме да покажеме што знаеме да подготвиме, изработиме, ткаеме. Има такви настани во други места, како „Вешта жена“, понекогаш нѐ канат, но зошто да чекаме да нѐ поканат други? Зошто да не се организираме ние самите и правиме такви настани во нашата општина?“ учесничка во фокус-групата за економски развој.

„Ни фали место за спортување, ако сакам да вежбам да не мора да одам до Тетово. Зошто да немаме фитнес-центар? Боговиње некогаш имаше женски фудбалски клуб.“

Патната инфраструктура и здравствените домови се последни на листата на приоритети, што не е изненадување ако земеме предвид дека во повеќе населени места во општината има здравствени домови, приватни општи, гинеколошки и стоматолошки ординации, а најголем фокус во изминатите години беше ставен кон средување на патиштата во општината.

## Валидација на наодите

Состанокот за валидација беше одржан во просториите на општината со присуство на вработените од Одделението за локален економски развој, Секторот за образование и јавни работи, Секторот за финансии и од координаторката за еднакви можности. Наодите од истражувањето беа презентирани и дискутирани заедно со присутните.

Во поглед на институционалните механизми, постои согласност дека е потребно понатамошно јакнење на капацитетите, особено на Комисијата за еднакви можности и на нејзината улога во обезбедувањето родово сензитивни општински политики. Покрај Комисијата, присутните истакнаа дека од суштинско значење е да се работи со општинската администрација бидејќи така ќе се обезбеди поголема одржливост и континуираност во работата.

Во однос на консултативните механизми и партиципативност во носењето одлуки, беше потенциран зголемениот ангажман на општината во информирањето и во вклучувањето на жителите во подготовката на буџетите. Присутните истакнаа дека се свесни за недоволното активното учество на жените на средбите што ги организира општината и дека прават напори да се справат со тој предизвик.

„Јас лично имам список со над 200 телефонски броеви на жените од општината и се трудам да ги канам секогаш кога во општината се организира нешто“, вработена во Одделението за локален економски развој.

Особен предизвик се жените од повисоките планински села, кои многу ретко земаат учество на консултативните средби што ги организира општината. Со присутните беше разговарано за можност да се организираат поединечни средби во тие места за да се овозможи пренесување на потребите и на барањата на жените од целата територија на општината.

Ранг-листата на приоритети на учесничките во фокус-групите, според присутните, главно се поклопува со приоритетите на кои општината работи во периодот. Притоа беше посочено дека е неопходно вклучување на родовата перспектива и организирање консултации што ќе ги вклучат и жените во сите инфраструктурни проекти што се планираат и се реализираат. Присутните потенцираа дека во наредниот период општината планира засилено да работи во областа на социјална заштита со цел за обезбедување на потребните сервиси и институции, како: детски градинки и јасли на повеќе локации во општината, центар за професионална едукација и центар за грижа на стари лица.

Според мислењето на присутните, потребно е општината да изработи интерна политика што ќе го направи задолжителен процесот на вклучување на родовата перспектива во локалните политики.

## Заклучоци и препораки

Општина Боговиње во изминатите години покажува континуиран напредок во подобрување на квалитетот на животот на своите жители, и мажи и жени. Ако се направи листа на реализирани активности и проекти[38], како самофинансирани така и донаторски, ќе се забележи дека голем дел од нив се насочени токму кон унапредување на положбата на жените во општината, особено од економски аспект. Институционалните механизми за остварување на родовата еднаквост се поставени преку Комисијата за еднакви можности, координаторката за еднакви можности и акциониот план за еднакви можности. Недостиг се забележува во делот на постоење стратешки и развојни документи, на пример такви што се однесуваат на социјалната заштита. Стратегијата за локален економски развој е веќе истечена, и тоа е потенцирано од самите претставници на општинската администрација: „Свесни сме дека немаме стратегии во многу области, тоа е прво нешто што сега го бараат и донаторите. Ако аплицираме за некој проект, секогаш има прашање дали имате стратегија за тоа, дали е тоа дефинирано како стратешки приоритет во општината. И секако мора да седнеме и да ги подготвиме тие документи. Ама тоа не значи дека не работиме во тие области“.[39]

Оттука и самите насоки и препораки поврзани со оваа анализа, се однесуваат токму на тие идни активности за подготвување на локалните стратегии и програми со цел за обезбедување услови за вклучување на родовата перспектива во процесите, локалните политики, нивната имплементација и евалуација.

## Препораки за вклучување на родовата перспектива во подготовка на локалната развојна стратегија

- Општината во соработка со невладините организации да изработи анализа на состојбите со идентификувани потреби, предизвици и можности за жените и за мажите и да обезбеди податоци што се родово разделени. За потребите на оваа анализа може да се искористат и анализите и искуствата на останатите донатори со кои соработува Општината: УСАИД, Светска банка, УНДП.
- Жените и мажите да бидат подеднакво вклучени во сите работни групи за изработка на стратегијата; да се обезбеди вклучување на жените од сите населени места, со различен социјален статус.

38 Извештаи за реализирани проекти на општината, 2011, 2012, 2013, 2014.
39 Интервју со претставници на Одделението за локален економски развој.

- Комисијата за еднакви можности да биде активно вклучена во процесот на подготовка на стратегијата, во согласност со дефинираниот акционен план за еднакви можности.
- Организации што работат на унапредување на родовата еднаквост да бидат вклучени во процесот на изработка на стратегијата.
- Стратегијата да дефинира јасни родови приоритети, цели и очекувани резултати што се во согласност со акциониот план за еднакви можности на жените и на мажите.
- Да се поставаат јасни и мерливи родово разделени индикатори во секој од стратешките приоритети.
- Стратегијата да содржи буџетски алокации за секоја од утврдените родови цели.
- Стратегијата да поставува систем за следење на имплементацијата на родовите цели.
- Стратегијата да дефинира план за евалуација што ќе го мери влијанието на имплементираните мерки врз жените и врз мажите во Општината.

## Препораки за вклучување на родовата перспектива во инфраструктурните проекти

- Општината да ги идентификува активностите на жените и на мажите поврзани со инфраструктурните проекти преку разни методи: директни консултации со граѓаните, опсервации, консултирање постоечка научна литература за разликите во начинот на користење на јавните простори од страна на мажите и жените.
- Да се изготвува анализа за влијанието на планираната интервенција врз секојдневниот живот и врз активностите на мажите и на жените.
- Евалуацијата на инфраструктурните проекти да вклучува и оцена на влијанието врз квалитетот на животот на жените и на мажите.

## Препораки за вклучување на родовата перспектива во имплементацијата на буџетските форуми

- Жените и мажите да бидат подеднакво вклучени во структурата на форумите, како во работните групи, така и во координативните тимови. Со цел да се поттикнат и мотивираат жените да земат учество во сите тематски групи, се препорачува да се организираат претходни средби, во соработка со КЕМ, на кои ќе им бидат посочени родовите аспекти во сите работни групи.
- Во форумите да се обезбеди учество на жени-претставнички од сите населени места и групи. Ако не се активни за време на форумите, да се размисли за друг начин на соопштување на нивните ставови: посебни средби по населените места, членовите на КЕМ да подготват пред секоја средба листа на приоритети за жените од различни населени места, студенти/НВО да направат анкети во повеќе населени места.
- Да се внимава локацијата и времето на одржување на форумите да се достапни за жените од сите населени места (можност да се организира превоз за учество на форумите). Притоа, треба да се посочи дека општината има позитивна пракса на одржување на форумските сесии во различни населени места.

# Општина Аеродром

## Анализа на програмата за образование

## Профил на општината

Општина Аеродром е формирана во 2005 година како нова општина, која порано постоела како интегрален дел од Општина Кисела Вода. Вкупното население брои 72 009, од кои 36 718 се жени. Поголемиот дел на жителите се етнички Македонци (89,5%), а останатиот дел се Срби (4,3%), Албанци (1,4%) и други. Иако општината е дел од Град Скопје, голем дел од општината е рурален. Урбаниот дел од 10,4 км$^2$ е 52% од територијата, додека останатите 9,6 км$^2$, кои заземаат 48% од општината, се рурален дел. Седум населби припаѓаат на општината: Мичурин, Аеродром, Јане Сандански, Лисиче, Ново Лисиче, Реонски Центар, Горно Лисиче и Долно Лисиче. На територијата на населбата моментално се регистрирани 6 788 бизниси, пет трговски центри, пет пошти, две државни и четири приватни амбуланти. Вкупно има осум основни училишта, три средни училишта и 2 јавни предучилишни установи со вкупно 11 објекти на различни локации како и една приватна детска градинка.

## Институционален и организациски капацитет за родова еднаквост

Општина Аеродром има назначено координатор за еднакви можности и според годишниот извештај[40], активна Комисија за еднакви можности на жените и мажите како и акциски план за родова еднаквост. Иако родовата еднаквост е општински приоритет, внатрешните процедури не се нужно насочени кон системско интегрирање на родовата перспектива во програмите и работата на општината. Имено, машинеријата за родова еднаквост не е систематски вклучена во процесот на планирање на локалниот буџет. Машинеријата за родова еднаквост не го коментира нацрт-буџетот, буџетскиот циркулар, ниту пак учествува во дефинирање на приоритетите на секторите и програмите на општината. Според општина Аеродром, постојат индикатори за евалуација на имплементацијата[41] на програмите, чија примарната цел е да се процени степенот на имплементација на општинските програми и нивниот ефект. Евалуацијата на програмитене се прави со цел е да се земат во предвид различните родови потреби

[40] Општина Аеродром (2013). Годишен извештај за 2013 година од областа на еднаквите можности на жените и мажите.

[41] Ристеска и Димовска, (2014). Проценка на процесот на креирање политики, буџетирање и децентрализација на локално ниво од родов аспект.

на жените и мажите. Сепак, важно е да се истакне дека општината располага со родово разделени податоци, спроведува проекти директно насочени кон промоција на родовата еднаквост и располага со човечки капацитети што можат да работат на вградување на родовиот концепт во локалните политики, програми и буџет.

Извештајот на Комисијата за еднакви можности за 2013 година укажува дека општината ги поддржала граѓаните со тренинг за развој за ИТ-вештини како дел од напорите за поддршка на вработување. Во тие рамки Комисијата за еднакви можности преку организациите и здруженијата на жени го поттикнала учеството на жените, со што на спроведените обуки поголемиот дел од учесниците биле жени (70%).

## Партиципативно креирање политики

Општината Аеродром[42] применува структурирани и неструктурирани форми на консултации со граѓаните како дел од процесите за партиципативно носење на локалните политики и буџетот. Структурираните консултации во најголем дел се остваруваат преку форумите во заедницата, но недостига координиран систем за пресликување на идентификуваните потреби на жените и мажите во родово сензитивни цели и активности.

## Анализа на програмата за образование

Предмет на родова анализа во општина Аеродром е Програмата за образование за 2014 година. Како што е наведено во самата програма, целта е „да се подобри образовниот систем" преку следните резултати:

- подобрување и планирање на развојот на образовниот процес;
- подобрување на условите за вршење на образовниот процес и инфраструктурата;
- создавање услови за развој на квалитетен воспитно-образовен процес;
- изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- подобрување на професионализмот и ефективноста на вработените во училиштата;
- задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието.

Во рамки на Програмата за 2014[43] година, вкупно се предвидени три мерки и тоа:

1. поддршка на образованието на подрачјето на Општина Аеродром преку изведба на партерно уредување на објектот на ООУ „Александар Македонски", (со алоцирани 20,000,000.00 денари),
2. обезбедување средства за осигурување на објектите на основните училишта, како и средства за тековно работење и одржување на основните училишта, (со алоцирани 22,600,000.00 денари)
3. активности во насока на обезбедување парична помош за надомест на патни трошоци на ученици со посебни образовни потреби (со алоцирани 100,000.00 денари).

Годишните програми во кои се вклучени мерките за исполнување на целите се изработени од страна на општинската администрација. Според администрацијата, предвидените мерки произлегуваат од законските обврски и надлежностите на општината, како и од иницијативи и предлози од физички и правни лица, здруженија на граѓани и слично[44]. Дополнително, секој член на Советот, како и градоначални-

[42] Според информации добиени од страна на Координаторката за еднакви можности на Општина Аеродром ва комуникација - Како дел од проектот Форуми на заедниците – http://bit.ly/2cGFYF5

[43] Општина Аеродром. 2013. Програма за образование за 2014 година, објавена во Службен гласник на Општина Аеродром бр. 20 на 10.12.2013.

[44] Реактор. Информации добиени преку телефонски разговор со членови на општинската администрација - 26.12.2014.

кот, може да даде предлог за измена, дополнување, како и за повлекување на некоја од предложените мерки. Сепак, не постојат информации за бројот на вклучени лица или консултација на жени и девојки при дизајнирањето на мерките на програмата. Дополнително, мерките придонесуваат за исполнување само на дел од зададените цели, бидејќи во суштина се однесуваат само на подобрување на пристапот на лицата со попреченост и подобрување на инфраструктурата. Предвидените мерки не се однесуваат директно на образовниот процес и не се насочени кон подобрување на квалитетот на образованието преку интервенции во програмата, наставните помагала или преку усовршување на наставниот кадар.

Во табелата се наведени родови индикатори со цел да се даде преглед настепенот на вклучување на родовиот аспект во носењето и во имплементацијата на програмите. Вкупно се земени предвид единаесет индикатори, кои индивидуално го прикажуваат степенот на вклученост на родовата перспектива во програмите. Индикаторите понатаму служат да ги идентификуваат корисниците на програмите, придобивките од овие програми, дали родовата еднаквост е цел што програмите ја поттикнуваат и колку од буџетите се насочени кон остварување на родовите цели.

| Индикатор | Предвидени мерки во програмата | | |
|---|---|---|---|
| | Партерно уредување | Осигурување на објектите на основните училишта | Парична помош за надомест на патни трошоци |
| Анализата на состојбата содржи родово разделени податоци со цел да се прикажат бројот и родот на корисници на програмите. | Нема податоци разделени по пол, иако општината располага со вакви податоци. | | |
| Анализата содржи информации за социоекономската положба на жените. | нема | нема | нема |
| Значењето на родовата еднаквост е наведено. | не е наведено | не е наведено | не е наведено |
| Дефинирани родови цели во рамки на приоритетите. | нема | нема | нема |
| Дефинирани активности за унапредување на родовата еднаквост во рамките на целите. | нема | нема | нема |
| Области во кои има јасно дефинирани активности за унапредување на положбата на жените. | нема | нема | нема |
| Предизвици што се наведени во однос на програмите и на родовата еднаквост. | нема | нема | нема |
| Родови индикатори за мониторинг на имплементацијата. | нема | нема | нема |

| Индикатор | Предвидени мерки во програмата | | |
|---|---|---|---|
| | Партерно уредување | Осигурување на објектите на основните училишта | Парична помош за надомест на патни трошоци |
| Предвиден буџет за реализација на мерките. | 20,000,000.00 МКД | 508,000.00 МКД | 100,000.00 МКД |
| Назначени финансии за активности за унапредување на родовата еднаквост. | не се предвидени | не се превидени | не се предвидени |
| Износ на финансиските алокации специфично назначени за унапредување на родовата еднаквост. | нема | нема | нема |

Како што може да се види од табелата, мерките според општината се родово неутрални и не се предвидени посебни мерки или индикатори за промоција на родовата еднаквост. Притоа, најголем дел од буџетот на програмата е насочен кон инфраструктурно подобрување на партерниот простор во Основното училиште „Александар Македонски", на кој отпаѓаат дури 97% од планираниот буџет во рамки на Програмата за образование. Основна цел на оваа активност е преку изведба на партерно уредување на училиштето, „да се придонесе за поквалитетно одвивање на воспитно-образовниот процес и подобрување на условите во училиштето"[45]. Според Планот за јавни набавки на Општината Аеродром, за изведба на партерното уредување се предвидени 16,945.00 денари,[46] меѓутоа за реализација на мерката во текот на 2014 година реализирани се 5,767,187.00 денари (без вклучен ДДВ), што е 34% од вкупниот предвиден буџет за спроведување на оваа мерка при Програмата за образование.[47]

Инфраструктурните инвестиции се третирани од страна на општината како родово неутрални бидејќи „подеднакво им служат и на девојчињата и на момчињата". Сепак, постојат значајни разлики во потребите и во приоритетите на девојчињата и момчињата што треба да се земат предвид при планирањето на мерките. Инфраструктурните интервенции, како што се: дизајнот, осветлувањето, пристапноста, распоредот на клупите и слично влијаат врз користењето на јавниот простор од страна на девојчињата и на момчињата. Дополнително, иако станува збор за партерно уредување при основно училиште, тоа исто така претставува јавен простор што дополнително може да го користат граѓаните на општината, особено оние што се секојдневно одговорни за транспорт на учениците или пак живеат во околните живеалишта. Оттука, предмет на анализа беше и процесот на дизајнирање на идејното решение за партерното уредување. Имајќи предвид дека проектирањето е направено според договор за примање донации од страна на изведувачот на партерното уредување (фирмата „Хидро градежен инженеринг"), Општина Аеродром нема инвестирано финансиски средства за проектирањето и нема дадено одредени барања за тоа како треба да изгледа овој јавен простор и какви потреби треба да задоволува.[48]

[45] Ибид. За спроведување на оваа активност се предвидени годишни средства во износ од 20,000,000,00 денари одПотпрограма Н1 – основно образование, потставка 482920 – за изградба на други објекти.
[46] План на јавни набавки објавен во Службен гласник на Општина Аеродром бр. 20 од 10.12.2013 година, стр. 67.
[47] Завршна сметка на Општина Аеродром, арх. бр. 05-1967/1 од 3.3.2014 г.
[48] Лично интервју направено на 26.12.2014.

Во формулирањето и донесувањето на програмата, учениците, родителите и наставниот кадар не биле вклучени преку консултации. Според општината, немало никаков вид консултации поради тоа што училиштето било пуштено во настава во 2013 година, а програмата за 2014 година веќе била направена. Нацрт-програмата е предложена од страна на администрацијата на општината, а потоа е изгласана од општинскиот совет. Комисијата за еднакви можности не била консултирана ниту вклучена во планирањето на програмата за образование.

**Како добар пример на родово сензитивно дизајнирање на јавните простори и паркови може да се земе Градот Виена. Администрацијата на градот увидела дека додека момчињата и девојчињата на претшколска возраст еднакво ги користат градските игралишта, бројот на девојчиња значително се намалува и речиси исчезнува на училишна возраст. Преку редизајнирање на парковите и јавните простори, како на пример паркот Саинт Јохан, денес нив во еднаков број ги користат и девојчињата и момчињата. Во дизајнот на овој парк се вклучени места за спортови што девојчињата повеќе ги практикуваат, како што се одбојка и бадминтон, места за приватност, како што се летниковците и ниските ѕитчиња за седење, а паркот и тоалетите се квалитетно осветлени и блиску до терените за рекреација .**

Спроведените опсервации укажуваат на низа фактори кои може да влијаат врз искористеноста на партер просторот од страна на девојчињата и момчињата. Во периодот кога се направени опсервациите, и тоа во попладневните часови од 14 до 15 часот, единствените корисници на овој простор се четири момчиња на околу дванаесетгодишна возраст, кои играат фудбал. Во вечерните часови од 17:30 до 18:30 часот овој простор не е искористен и нема посетители. Треба да се земат предвид и временските околности и периодот со исклучително ниски температури, кој може да има влијание врз бројот на корисници на овој простор. Осветлувањето на просторот околу училиштето и просторот за рекреација е во лоша состојба, што исто така може да влијае врз бројот на корисници на овој простор. Во текот на вечерните часови нема доволно светлина околу училиштето, како и во партерниот простор. Видливоста е многу слаба и не би можело да се забележи какво било движење подалеку од непосредната близина (2 до 3 метра). Во тој контекст, претходни истражувања спроведени на јавните места во Скопје укажуваат дека физичкиот изглед на средината влијае врз перцепцијата за безбедност кај жените и кај девојките.[49] Надоврзувајќи се на овие наоди, поради околината и неосветленоста на партерниот простор, веројатноста за користењето на просторот од страна на девојчиња во вечерните часови е ниска.

Освен објектот „Сонце" кој е клон во состав на јавната детска градинка Буба Мара и кој се наоѓа веднаш до училиштето друг значаен вид на општествен капитал, како што се: пазар, автобуска станица и трговски центри нема. Движењето на луѓе е минимално во делот каде што се наоѓа училиштето. Служба за обезбедување на училиштето не е забележана во текот на опсервациите.

Според информациите добиени од страна на општината, вкупниот број на ученици потенцијални корисници (врз основа на тоа колку деца се запишани во училиштето) на овој простор е 342, од кои 49% се девојчиња, а 51% се момчиња[50]. Речиси еднаквиот број девојчиња и момчиња укажува на потребата девојчињата и момчињата еднакво да бидат консултирани за тоа како ќе се анимира просторот. Потребите на корисниците може да се земат предвид преку процена за користење слични партерни простори што се наоѓаат на

[49] Реактор – Истражување во Акција. 2012. Истражување на опсегот на родово базираното насилство врз женитеи девојките на јавните места во Скопје.
[50] Електронски допис со Општина Аеродром на 10.2.2015.

територијата на општината, во соработка со КЕМ и со координаторката за еднакви можности. Во партерното уредување единствените можности за спорт се фудбал и кошарка, кои доминантно ги играат момчињата, а нема дел, на пример, каде што би можело да се игра одбојка, ракомет, тенис или бадминтон.

Втората мерка за подобрување на образованието во општината е обезбедување средства за осигурување на објектите на основните училишта, како и средства за тековно работење и за одржување на основните училишта. Според Службениот гласник на општината, основна цел на оваа активност е општината да придонесе кон обезбедување квалитетна настава, како и за подобрување на условите за одржување на воспитно-образовниот процес[51]. Средствата за спроведување на оваа активност доаѓаат од различни програми и ги покриваат следниве услуги: 1) осигурување на недвижности и права под програми; 2) затоплување; 3) електрична енергија и 4) трошоци за вода и ѓубретарина.[52]

Како што може да се види, оваа мерка покрива тековни трошоци и не се однесува на развојни инвестиции што би можеле да бидат искористени за промоција на родовата еднаквост. Имено, според Законот за основното образование, основните училишта се должни да склучат соодветно осигурување за одговорност од предизвикана штета за што средства обезбедува општината[53]. Според Осигурителната полиса АД Скопје, осигурени се 8 објекти, нивниот имот и опремата во нив, од штета настаната од елементарна непогода, пожар и од провална кражба[54]. Врз одредената сума нема влијание дали е објектот под надзор на агенција за обезбедување. Според планот за јавни набавки во Општината Аеродром за 2014 година, за осигурување на објектите на училиштата биле предвидени 508,000.00 денари (без ДДВ) од кои 150,772.00 денари (без вклучен ДДВ) се насочени кон осигурителната полиса. Оттука произлегува дека вкупно 30% од предвидените средства се реализирани за поддршка на оваа мерка. Индиректно, корисници на овие активности се учениците и вработените во основните училишта на подрачјето на Општината Аеродром. Од вкупниот број ученици, 49,8% се женски и 50,2% машки. Имајќи предвид дека се работи за покривање тековни трошоци на училиштата, при што самата мерка не вградува развојни компоненти, не беше спроведена подетална родова анализа . Сепак, неискористениот буџет може да се реализира за посебни мерки насочени кон промоција на родовата еднаквост во училиштата на подрачјето на Општината Аеродром, кои може да вклучуваат инфрастуктурни адаптации, како на пример осветлувањето, тоалети и сл.

Третата мерка предвидува обезбедување парична помош за надомест на патни трошоци на ученици со посебни образовни потреби. Целта е преку оваа мерка, општината да придонесе за „обезбедување можност за стекнување соодветно образовно ниво за сите, без оглед на возраста, полот, етничката припадност, религиозната определба, здравствената состојба и социјалната и финансиската положба".[55] За спроведување на оваа активност се предвидени годишни средства во износ од 100,000.00 денари,[56] а во текот на 2014 година од буџетот на општината реализирани се вкупно 37,886.00 денари за надомест на патни трошоци на две ученички со посебни образовни потреби[57], кои посетуваат настава во ОУ „Ѓорѓија Пулески". Оттука, за оваа мерка потрошени се 38% од првично планираниот буџет.

[51] Службен гласник на Општина Аеродром бр. 20 од 10.12.2013 година, стр.92
[52] Трошоците се надоместуваат од следниве потпрограми: Потпрограма Н1 – основно образование, потставка 425250 – осигурување на недвижности и права; Потпрограма Н1 – основно образование, потставка 421210 – централно греење; потставка 421240 – течни горива; потставка 421110 – електрична енергија; потставка 421120 – вода и потставка 421130 – ѓубретарина.
[53] Член167 од Законот за основно образование, објавен во Сл. Весник на Р. Македонија бр.103/08 од 19.08.2008 година. Средствата за осигурување во основните училишта обезбедени од страна на Општина Аеродром („Службен гласник на Општина Аеродром" број 20 од 10.12.2013 година на страна 66.
[54] Информации добиени преку телефонски разговор со АД Осигурителна полиса – Скопје на 24.12.2014.
[55] Општина Аеродром. 2013. Програма за образование за 2014 година, објавена во Службен гласник на Општина Аеродром, бр. 20 на 10.12.2013.
[56] Од потпрограмата А0 на Советот на Општина Аеродром, потставка 464990 – други трансфери.
[57] Службен гласник на Општина Аеродром бр. 17 од 20.8.2014 година, стр. 11 и бр. 19 од 19.9.2014 година, стр. 10.

При програмирањето на оваа мерка, од страна на општината не е одржан консултативен процес во кој ќе бидат вклучени лицата со посебни потреби, нивните родители или организациите што работат со лица со посебни потреби. Родовата перспектива не е земена предвид при креирањето на оваа програма и не се направени родови анализи за ефектот што може да го има ваквата мерка врз родовата еднаквост. Имајќи предвид дека во согласност со постојните традиционални родови улоги, грижата за лицата со посебни потреби најчесто паѓа врз жените[58], ваквата програма несомнено има значајни последици за родовата еднаквост. Во текот на 2014 година, корисници на оваа програма се две ученички, а за нивните потреби додека се во училиштето се грижат нивните мајки.

Врз основа на интервјуто спроведено со една од мајките на корисничките на програмата, за постоењето на ваква програма немала сознание ниту информации. Според неа, таа била информирана дека постои законска обврска за добивање вакви субвенции и затоа секоја година поднесувала барање за пристап до овие средства. „Јас знам дека законско право постои; во законот има член и затоа си поднесувам барање. Ние и за првата година ипол кога баравме, воопшто не добивавме средства, потоа 4 години беше без проблем и сега пак имаме проблем, со намалување на средствата". Од општината немале добиено покана за консултативни средби и затоа самите родители барале да бидат примени на средба со Советот и со градоначалникот. Повратна комуникација и средба со општината до овој момент не е остварена. „Не сум била вклучена, но гледам дека отприлика ќе најдат некое здружение за хендикепирани лица и со нив се консултираат, иако тие лица имаат различни потреби од лицата со церебрална парализа. На тој начин не се одговора на потребите на сите корисници."

Вкупно потрошени средства за потребите на корисничките за 2014 година се 37,886.00 денари или 1,579.00 денари месечно за една корисничка. Едната корисничка има добиени вкупно 20,928.00 денари за користење сопствено возило и такси-превоз, а втората корисничка има добиено вкупно 16,958.00 денари за користење такси-превоз. Вкупната сума се определува врз основа на оддалеченоста и на средството што се користи за превоз.

„Ги намалија средствата што ни ги даваа иако таа одлука е донесена на Совет. Градоначалникот не се сложуваше со оваа одлука и го оневозможи плаќањето сè додека не се направи нова одлука. За септември сега [декември 2014] ни исплатија, и тоа од 3,000.00 на 1,200.00 денари. Тие 1,200.00 ги исплаќаат само за бензин, а каде е амортизација? Јас одам два до три пати во денот... не можам јас нонстоп да фаќам такси... тоа се многу пари... Исплатата, во принцип, е редовна со мало задоцнување."

Недостигот од консултации помеѓу општината и засегнатите страни може да се наведе како една од причините поради кои програмата не ги зема предвид сите потреби на корисниците. Како недостатоци на оваа програма од страна на корисниците примарно се наведени паричните средства што засегнатите страни мораат да ги надоместат од својот личен буџет. Недостигот од финансиски средства е произлезен од користење на личните возила за транспорт, како и од користење такси-превозници. Ако се користат такси-услуги за превоз, најчесто произлегуваат тешкотии при транспортот на инвалидските колички поради тоа што не секое возило е адекватно за сместување и транспорт на инвалидски колички. Направени се напори од страна на една мајка за користење на транспортниот сервис за лица со посебни потреби од Градот Скопје. Според Градот Скопје, училиштето е премногу близу и користењето на овој сервис не е одобрено. Како голем недостаток, од страна на корисниците се смета и тоа што општината не поседува приспособено возило што би се користело од страна на корисниците на оваа програма.

[58] Државен Завод за Статистика(2014). Анкета за работната сила. Достапно на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.04.pdf

Родителите на корисниците на програмата сметаат дека нивните иницијативи не секогаш се земени предвид од страна на општината. Направена е иницијатива за вработување на придружници во училиштата со цел да им помогнат на децата со посебни потреби за време на училишната настава. Општината посочила иницијативата да се спроведе преку училиштето каде што има деца со посебни потреби. Директорката на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ одбила да биде дел од оваа иницијатива без образложение за причините за ваквата одлука и досега не се вложуваат поголеми напори за системско вклучување на децата во училиштето, како што се градење лифт и вработување придружник за децата со посебни потреби за да се чувствуваат еднакви со своите врсници (соученици) во училиштето. Според корисниците, оваа програма не е доволна за да можат лицата со посебни потреби да имаат еднаков пристап и можност за остварување на своите образовни потреби. Во самата настава, овие деца немаат придружник и мајките мораат секојдневно да ги посетуваат училиштата 2 до 3 пати, со цел да им помогнат при извршувањето на физиолошките потреби и при исхраната. Постојаното патување и користење бензин е исто така дел од финансискиот проблем што ги засега корисниците, бидејќи начинот на пресметка на трошоците е само за одењето/враќањето на учениците, при што не се зема предвид неопходноста од помош и од поддршка за време на паузите и слично. Последиците од ваквиот недостиг од придружници е што мајките мораат да ги напуштат своите работни места за да се грижат за своите деца додека се во училиште. Дополнително, самите училишта немаат приспособени простории за родителите што се во голема мера оддалечени од училишта и кои остануваат во училиштата за време на траењето на наставата. Во текот на наставата родителите се принудени да чекаат во ходниците и во училишните дворови. Родителите сметаат дека нивното постојано присуство влијае врз социјализацијата и врз социјалниот развој на нивните деца. Во училиштата нема лифтови и децата во колички се ограничени со движење само на првиот кат во училиштето. Поради недостигот од придружници што би се грижеле за децата со посебни потреби во училиштата, една од мајките повеќе не е во можност да работи.

„Јас морав да си ја оставам работата за да се грижам за ќерка ми. Да ми се признае тоа време што јас го посветувам на нега и да добивам паричен надомест за тоа или да ми се брои како работен стаж. Ние за нашите деца добиваме многу мала сума, додека ако земете дете да го згрижите, добивате многу повеќе. Јас сѐ сум, само не сум мајка. За сѐ морам да најдам време. Немаме никаков сервис да ми помогне дома со чистење и слично. Треба да се вработат придружници во училиштата да бидат со децата.“

Според корисниците и засегнатите страни, генерално во општината има недостиг од услуги и програми поврзани со лицата со посебни потреби. Како препорака е посочен сервис спроведен од страна на општината, како што е носење на прошетки на децата со посебни потреби. Од ваков вид рекреација придобивка би имале и децата, а и родителите што се грижат за нив. Понатаму, теренското и квалитативното истражување укажуваат дека јавниот простор во Општината Аеродром во голема мера не е приспособен за користење од страна на лица во инвалидски колички. Ова ги ограничува лицата со посебни потреби да ги користат јавните простори во општината. „Треба корекции за пристапност бидејќи Аеродром е во ред, но сепак тротоарите се правени од некој што не ги користи. Навидум тротоарите се пристапни, но имаат запци каде што на некој во количка мора да му се помогне за безбедно да се движи по тротоарот. Лифтовите во ТЦ Бисер треба почесто да се сервисираат. Ние сега сме сконцентрирани во ТЦ Капитол бидејќи тука има лифтови.“

Довербата кон системот и кон институциите од страна на корисниците треба дополнително да се зајакне. Мајката на една од корисничките на оваа мерка смета дека комуникацијата со Општината и со училиштето е предизвик. Како пример е даден случај каде што во општината е барано од страна на една мајка да се направи лифт во зградата за нејзината возрасна ќерка, но ова не било одобрено од страна на Советот.

Недостигот од родово одговорен буџет може да доведе до зацврстување на неповолната позицијата на девојките и на жените во општината поради тоа што не постојат програми/мерки кои ги земаат предвид различните родовите потреби. Со спроведување на родовото одговорно буџетирање, ќе се подобрат и секторските политики, кои ќе придонесат кон подобрување на родовата еднаквост во општината како и

- намалување на сиромаштијата;
- отстранување на дискриминацијата врз основа на родот и на родовите нееднаквости;
- јакнење на свеста и ширење информации за проблемите на жените и можност за нивно решавање;
- зголемена одговорност на сите општествени актери и мониторинг на нивната работа.[59]

## Валидација на наодите – Општина Аеродром

Со цел да се презентираат наодите од анализата на Програмата за образование, како и да се направи валидација на изготвената анализа, се организираше состанок во Општината Аеродром. На состанокот присуствуваше претставничка на КЕМ, претставник на Комисијата за култура и образование при Советот, претставник на Секторот за образование, координаторката за еднакви можности, и две претставнички од Одделението за работа на Советот.

Беа презентирани наодите од анализата, по што се разви дискусија за согледувањето на ситуацијата од страна на општината и присутните претставници од општината предложија дополнителни препораки за понатамошно подобрување на програмата за образование.

Како што е наведено во анализата, изготвувањето на програмата за образование е направено од страна на општинската администрација. На состанокот беше потврдено дека општината немала никаков вид консултации во донесувањето на оваа програма и КЕМ, координаторката за еднакви можности и Комисијата за образование не биле вклучени во креирањето на програмата.

Според општинската администрација, иако немало консултативен процес пред проектирањето на училиштето, сепак Општината смета дека училиштето е изградено поради потребата на граѓаните. Ваквиот став на Општината се должи на тоа што училиштето во населбата Ново Лисиче има преголем број ученици, кои одат во три смени, и при тоа сметаат дека сепак изградбата на училиштето „Александар Македонски" е адекватно на потребите на граѓаните.

Проектирањето на партерниот простор е направено преку донации за кои Општината има потпишано Договор за примање на донација.[60] Притоа општината нема дадено насоки за тоа како да изгледа партерниот простор. Учесниците на состанокот сметаа дека проектантот има одредени стандарди за безбедност, како и искуство при изведувањето на проектот. Дел од присутните на состанокот сметаа дека потребни се обуки со цел вработените да се сензитизираат за прашањата од областа на родовата еднаквост и тоа во сите сектори и одделенија во коишто работат, односно да се вметнува родовата перспектива при проектирањето и изведбата на градбите и слично. Во врска со вметнување на родовата перспектива при проектирањето, ваквиот предлог беше позитивно прифатен, при што присутните предложија родовата перспектива да се вклучи во некои идни проекти кои ќе бидат финансирани од страна на општината (реконструкција на градинки и основни училишта, фискултурни сали, тоалети, огради и партерно уредување).

59 Budlender, D & Hewitt, G (2003). Gender Budgets Make More Cents Country Studies and Good Practices

60 Информации добиени од Координаторката за Еднакви можности преку емаил комуникација на 17/12/2014 - Службен гласник на Општина Аеродром" број 20 од 14.09.2012 година, страна 12

Мерката за финансиска помош за транспорт наменета за деца со посебни образовни потреби беше дел од анализата, како и критиката дадена од страна на родителите за целокупната програма. Поради тоа што родителите изјавија дека не биле информирани за паричната помош како дел од програмата за образование и за тоа дека паричната помош е законска обврска на Министерство за труд и социјална политика, Општината ќе се обиде да го разјасни ваквото недоразбирање. Општината ќе вложи поголем напор родителите да бидат информирани за паричната помош што е доделена од страна на општината како мерка направена од самата општина независно од Министерството за труд и социјална политика.

За предлогот од страна на родителите за модифицирано возило како превозно средство за сите ученици со посебни потреби, координаторката за еднакви можности смета дека е предлог што би можел подетално да се разгледа од страна на Општината. Од страна на присутните беше напомнато дека иако Општината сака да ги задоволи потребите на граѓаните, сепак не секогаш нејзините ресурси и финансиски капацитети го дозволуваат тоа.

Во врска со забелешките од страна на родителите за вработување на лице-придружник на децата кои имаат потешкотии во движењето и мобилноста , општината ќе ги разгледа можните опции што ќе им помогнат на оваа група на ученици. На состанокот беше нагласено дека дел од родителите на личен финансиски товар вработуваат дефектолози или логопеди што ги придружуваат нивните деца и им помагаат во нивните образовни потреби. Приспособување на простор за родителите што мораат да бидат присутни за време на наставата е уште една од препораките што ќе бидат разгледани од страна на Општината.

Вклучувањето на децата со посебни потреби, нивните родители и организациите што работат со децата со посебни потреби на консултативни средби, е препорака за која Општината во иднина би вложила поголем напор да се оствари. Иако одржува средби со дел од организациите што работат со лицата со посебни потреби, во иднина Општината би направила обид во поголем обем да се консултира со широк круг организации и лица со посебни потреби.

Заедничкиот проект на општината и УНИЦЕФ во градењето центар за ран детски развој во нејзиниот рурален дел, беше нагласен како позитивен проект имплементиран од страна на Општината. Центарот за ран детски развој е прв од ваков тип во општината и има за цел (меѓу другото) да им помогне на жените да бидат активни на пазарот на трудот. Престојот на децата во центарот е бесплатен[61] што е особено важно за жените кои не се вклучуваат на пазарот на труд поради грижата за деца и тоа што не е економски исплатливо да работат, заради родовиот јаз во платите и сегрегација на жените во ниско платените индустрии[62]. Земајќи предвид што речиси 100% од лицата кои ги напуштаат своите работни места за грижа на деца и возрасни се жени[63], како и нискиот опфат на деца во раното детско образование во државата, овој проект ќе им помогне на жените на оваа територија полесно да се интегрираат на пазарот на труд.

Состаноците за валидација укажаа и на големата дискрепанција во толкувањето на придобивката од вклучувањето на родовата перспектива во програмите на општината, а дел од присутните што се директно вклучени во донесувањето одлуки во општината изразија несогласување со ваквиот пристап, односно за вклучување на родовата перспектива во креирањето на програмите и политиките. Ова укажува на потребата од обуки на општинската администрација за родовата еднаквост, обврските кои

[61] http://www.unicef.org/tfyrmacedonia/macedonian/12189_26232.html

[62] Реактор - Истражување во акција (2012)Клучот за стаклената врата: Демистифицирање на причините за ниското учество на жените на пазарот на труд. Достапно на - http://www.reactor.org.mk/CMS/Files/Publications/Documents/MK%20VERZIJA3.pdf

[63] Анкета за работна сила (2014) Државен завод за статистика, достапно на http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.04.pdf

произлегуваат од законот и политиките, како и поголема вклученост и влијание на КЕМ во носењето на општинските одлуки.

Координаторката за еднакви можности на општината изрази заинтересираност за обука што ќе им овозможи на самите вработени во општината да ги изградат своите капацитети со цел самостојно да ги анализираат општинските програми за тоа колку се родово сензитивни. Доколку се направат вакви обуки, координаторката за еднакви можности смета дека вработените во администрацијата ќе можат да прават препораки за тоа како општината да ја вклучи родовата перспектива во креирањето на програмите.

## Заклучоци и препораки

Од работата на Општината може да се увиди дека таа поседува човечки, како и финансиски ресурси што би можеле да се искористат за унапредување на родовата еднаквост во неа. Комисијата за еднакви можности, како и координаторката за еднакви можности активно работат кон подобрување на програмите што ја поттикнуваат и ја зголемуваат родовата еднаквост. Општината поседува родово разделена статистика, што е особено важно кога станува збор за увидување на родовата нееднаквост во различните општествени сфери. Понатаму, Општината покажа отвореност и подготвеност за споделување на сите потребни информации со цел да се направи квалитетна анализа на програмата за образование.

Врз основа на истражувањето и анализата на програмата за образование, може да се заклучи дека иако Општината работи кон подобрување на родовата еднаквост, сепак родовата перспектива во креирањето на програмата за образование не е земена предвид. Различните родови потреби не се земени предвид при креирањето на програмата ниту пак КЕМ или пак координаторката за еднакви можности учествувале во изготвувањето на програмата. Дополнително, во програмата за образование постојат мерки кои не се однесуваат на подобрување на образовниот процес, како што е и мерката за обезбедување средства за осигурување на објектите на основните училишта. Програмата за образование не предвидува мерки со кои директно ќе се подобри образовниот систем преку интервенции во програмата, наставните помагала, или преку усовршување на наставниот кадар.

За подобрување на процесите на Општината, направени се општи препораки што се однесуваат на вклученост и на партиципативно креирање политики, како и специфични препораки за вклучување на родовата перспектива во програмата за образование и за подобрување на родовата еднаквост во Општината.

## Општи препораки

- Анализа на потребите и начинот на користење на надворешните простори од страна на девојчињата и на момчињата. Низа студии имаат укажано на различните начини на употреба на надворешните простори од страна на девојчињата и на момчињата. Преземање специфични активности за интервјуа во фокус-групи со девојчиња и момчиња, со цел општината да дојде до конкретни податоци за тоа како го користат надворешниот простор. Општината да стапи во контакт со родителите/старателите на девојчињата и момчињата со цел родителите да бидат запознаени за какви мерки станува збор. Директната комуникација со родителите ќе го зголеми учеството на учениците во фокус-групите. Дополнително наставниот кадар да се вклучи во процесот и да биде добро запознаен за различните потреби на девојчињата и момчињата. Со користење на ваква анализа, уредувањето на партерниот простор ќе биде направено според потребите на девојчињата и на момчињата, што ќе им овозможи еднаков пристап и можност за користење. Неискористениот буџет да се насочи кон подобрување на сегашниот партерен простор во ООУ „Александар

Македонски" според утврдените потреби добиение од анализите. Ваквите анализи да се прават за различните програми/проекти наменети за образовните институции во општината.

- Да се направи сеопфатна анализа за влијанието на мерката за обезбедување парична помош за надомест на патни трошоци на ученици со посебни образовни потреби.оваа програма врз родителите, старателите или згрижувачите на корисниците, со посебен акцент на влијанието врз жените.
- Подобрување на осветлувањето на партерното уредување, како и подобрување на осветленоста во училиштето и паркингот на училиштето. Адекватното осветлување на јавните простори ќе го зголеми чувството на безбедност од страна на корисниците, особено од страна на девојчињата, при што девојчињата во поголем обем ќе го користат овој простор.
- Општината да воведе сервис со адаптирано возило за да бидат корисниците со попречувања (мерка 3) удобно и безбедно транспортирани до училиштата. Сегашниот буџет да биде пренаменет за одржување на овој сервис. Преку ваков тип сервис ќе се подобри квалитетот на животот на родителите и децата, родителите ќе имаат поголема флексибилност да бидат вклучени на пазарот на труд, децата ќе бидат повеќе самостални како и ќе се намалат секојдневните тешкотии поврзани со барање адекватни такси-превозници.
- Вработување лица што ќе бидат придружници на децата со посебни потреби и ќе им помагаат во нивниот дневен престој во училиштето. Преку оваа мерка родителите нема да бидат обврзани да го посетуваат училиштето по 2 до 3 пати во денот, а родителите што живеат подалеку нема да бидат обврзани да го престојуваат долго во училиштето. Ова особено ќе влијае позитивно врз мајките што ги напуштаат своите работни места за да се грижат за своите деца.
- Да се  адаптираат простории за родителите што се обврзани да бидат во училиштето со цел да ги придружуваат децата со посебни потреби, додека не се применат други мерки (придружници и организиран превоз).
- Општината да предвиди средства за субвенции на родителите што го напуштиле работното место за да се грижат за своите деца. Поради финансиската поддршка, жените што ги напуштиле своите работни места ќе бидат економски зајакнати и на тој начин ќе се намали ризикот од сиромаштија и од социјална изолација. Субвенциите може да бидат за комуналии, исхрана или во вид на парични средства. Со помош на Општината, соодветните министерства да се приклучат кон ваквите иницијативи.
- Општината да обезбеди рекреативни програми за лицата со посебни потреби, како што се прошетки, спортски активности, одење на кино и низа други социјални активности, со кои ќе им се подобри квалитетот на животот.
- Подобрување на инфраструктурата на Општината вклучувајќи ги и јавните места и пристапот до трговските центри, паркови и рекреативни паркови за лицата со посебни потреби.
- Задолжителни обуки за администрацијата и за советниците за концептот на родовата еднаквост и за позитивното влијание од вклучувањето на родовата перспектива во програмите на општината. Ваквиот вид обуки ќе ја зголемат свеста и ќе го зголемат капацитетот на администрацијата што ја изготвува програмата, во иднина родовата перспектива да биде вклучена во креирањето на програмите. Понатаму, ако општинската администрација е запознаена со кон-

цептот за родовата еднаквост, тогаш се намалува ненамерната родова дискриминација во програмите на општината.

## Препораки за вклучување на родовата перспектива во програмата за образование

- Комисијата за еднакви можности и координаторката за еднакви можности задолжително да бидат вклучени во изготвување на програмата за образование со свои предлози и идеи.
- КЕМ и координаторката за еднакви можности да бидат обучени за родово одговорно буџетирање, како и специфични обуки за вклучување на родовиот аспект во изготвувањето на програмите и во донесувањето на буџетот со цел позитивно да влијаат на зајакнувањето на родовата перспектива во истите.
- Воведување спортски активности што ќе го поттикнат учеството на девојчињата и користењето на партерниот простор. Пример е воведување одбојка, ракомет, тенис или бадминтон како дел од физичкото образование. Одвојување финансиски ресурси што ќе бидат насочени кон поттикнување на девојчињата да го користат партерниот просторот. Финансиските средства ќе се искористат за воведување различни спортски активности што во поголема мера ги практикуваат девојчињата.
- Разгледување на добрите практики од други земји за вклучување на родовата перспектива во инфраструктурните проекти како што се паркови, паркинг места и училишта.

# Општина Маврово и Ростуше

## Развој на туризмот во руралните средини како можност за економско зајакнување на жените

## Профил на општината

Општината Маврово и Ростуше опфаќа територија од 856 км$^2$ и е една од трите најголеми општини во Република Македонија. Главна карактеристика на оваа општина е ридско-планинскиот терен со 42 населени места и со релативно мала населеност. Со 11,9 жители на км$^2$, општината во целина е една од ретко населените, особено земајќи го предвид фактот дека оваа бројка на ниво на државата изнесува 80 жители на км$^2$. Во рамките на општината Маврово и Ростуше има вкупно 42 населени места, од кои 36 се во граници на заштитено подрачје. Само 40% од куќите во општината се користат како живеалишта, додека другите се напуштени или, пак, сопствениците се на работа надвор од државата.

Во согласност со стратешките приоритети за локален економски развој, долгорочната определба на општината Маврово и Ростуше е урбано уредена и еколошки чиста, безбедна, финансиски стабилна општина со економски развиени рурални средини, отворена за меѓуопштинска, регионална и за меѓународна соработка. Стратешките цели за достигнување на гореспоменатата визија се следниве: зајакнување на комуникацијата со граѓаните, бизнис-секторот и со меѓународните организации; привлекување нови бизниси и инвестиции; зголемување на вработеноста; развој на туризмот и на угостителството; рурален развој; зголемен квалитет на живот и подобрена бизнис-клима; подобрување на енергетската ефикасност.

## Институционален и организациски капацитет за родова еднаквост

Општината Маврово и Ростуше има воспоставено локални механизми за родова еднаквост, односно има формирано Комисија за еднакви можности и има назначено координатор за еднакви можности на жените и на мажите. Општината исто така има усвоено акциски план за еднакви можности и доставува годишен извештај за активностите во оваа област до Министерството за труд и социјална политика.

Иако родовата машинерија во Општината е воспоставена во согласност со законската рамка, сепак е потребно понатамошно јакнење на капацитетите на овие механизми со цел да може да дејствуваат како силен и ефикасен механизам за унапредување на родовата еднаквост. Комисијата за еднакви можности не е активно вклучена во изготвувањето на локалните политики и буџети, односно во интегрирањето на родовите перспективи при креирањето на локалните политики. Координаторката за еднакви можности, во рамките на своите ингеренции, работи на промовирање на овие прашања на локално ниво преку организирање и преку учество во програми за јакнење на капацитетите, подготовка на акциони планови за еднакви можности, како и подготовка на годишни извештаи за активностите на Општината за унапредување на родовата еднаквост.

Развојот на туризмот претставува организирана дејност на заедниците при која се преземаат мерки и активности, како и форми и облици за одржлив развој што носи економска корист и подобрување на квалитетот на животот на сите членови во заедницата[64]. За остварување на овие цели е неопходно, покрај проценката на постојните природни и инфраструктурни реформи и собирањето статистички податоци, да се дефинира точно кои се и како изгледа секојдневниот живот на членовите на локалната заедница; која е возрасната структура, половата структура, квалификациите, изворот на приходите, најголемите предизвици со кои се соочуваат и можностите за надминување на тие предизвици. Воведувањето на родовата перспектива во овие развојни процеси треба да овозможи подеднакво учество на жените и на мажите во носењето одлуки за развојот, еднаков пристап до ресурси, еднаква контрола на ресурсите и еднаков пристап до придобивките од користењето на тие ресурси.[65]

Руралниот туризам како начин за развој на локалната економија е потенциран од страна на локалната и на централната власт[66]. Иако се зборува за повеќе форми на рурален туризам, заедничка карактеристика за сите нив е локацијата (сите се одвиваат во природна рурална средина), како и фактот дека се засноваат на зачувување на културата и на традицијата во определени места. Некои автори прават поделба на работата што се извршува во руралниот туризам на[67]: административна, работа поврзана со сместувањето и дополнителни дејности. Во тој контекст, спроведените истражувања во Република Македонија покажуваат дека иако постои поделба на работата што се извршува во руралниот туризам, руралната жена во повеќето случаи ги извршува сите дејности. Поради ова, руралниот туризам може да биде начин преку кој се промовира економското јакнење на жените.

Руралниот туризам треба да се разгледува од аспект на потребите и на перцепциите на самите жени како потенцијални учеснички во овој туризам. Имено, услугите што се нудат во рамките на руралниот туризам вообичаено се активности што традиционално се извршувани од страна на жените, како подготовка на традиционална храна или грижа за домот каде што се пречекуваат гости, што покрај позитивните аспекти, може да придонесе кон понатамошно зголемување на товарот на жената како носител на грижата во семејството и кон нејзино уште поголемо врзување за приватната сфера.

## Анализа на програмата за развој на туризмот во општината Маврово и Ростуше

Програмата за развој на туризмот во општина Маврово и Ростуше за 2013 година, изработена во согласност со Стратегијата за развој на рурален туризам, ја има следната визија: „Маврово-Ростуше ќе прерасне во економско одржлива и еколошки развиена општина и посакувана туристичка дестинација во која ќе постојат услови за благосостојба на нејзините жители“.

Програмата ги дефинира следните приоритети:

- дефинирање туристичкиот производ и понуда, како и нивна промоција и презентација;
- промовирање на традиционалните вредности за зголемување на бројот на туристите во современи услови;
- развој на стандарди за одржлив туризам.

64 Програма за поттикнување на развојот на туризмот во општина Маврово и Ростуше, 2013 година.
65 Благојевиќ М. и Владисављевиќ А. (2008) Упатство за родово базирано буџетирање на локално ниво – примерот на Војводина.
66 Национална стратегија за развој на рурален туризам 2012–2015. Министерство за Економија на Република Македонија.
67 Брандит Л. и Хауген М. (2007) Родовата работа во семејните фарми и туризмот, Журнал на компаративните семејни студии.

| Индикатор | Активности | | |
|---|---|---|---|
| | Управување со туризмот – евиденција | Туристички информативен центар | Промоција и организирање настани за промоција |
| Анализата на состојбата содржи родово разделени податоци со цел да се прикажат бројот и родот на корисници на програмите. | нема | | |
| Анализата содржи информации за социоекономската положба на жените. | нема | нема | нема |
| Значењето на родовата еднаквост е наведено. | нема | нема | нема |
| Дефинирани родови цели во рамки на приоритетите. | нема | нема | нема |
| Дефинирани активности за унапредување на родовата еднаквост во рамки на целите. | нема | нема | нема |
| Области во кои има јасно дефинирани активности за унапредување на положбата на жените. | нема | нема | нема |
| Предизвици што се наведени во однос на програмите и на родовата еднаквост. | нема | нема | нема |
| Родови индикатори за мониторинг на имплементацијата. | нема | нема | нема |
| Предвиден е буџет за реализација на приоритетите. | 400, 000. 00 МКД | | |
| Назначени финансии за активности за унапредување на родовата еднаквост | не се предвидени | не се предвидени | не се предвидени |
| Износ на финансиските алокации специфично назначени за унапредување на родовата еднаквост. | нема | нема | нема |

На ниво на реализација на приоритетите и на активностите, родовата димензија ја нема, односно родови цели нема во ниту еден од приоритетите. Родовата димензија изостанува и на нивото на очекувани резултати, како и на тоа на индикатори за активностите. Во разговорите со претставниците на Одделението за локален економски развој што се вклучени во изработката на оваа програма, беше потенцирана улогата на жената во оваа област, но тоа не може да се види во самиот документ. Вкупниот предвиден буџет за реализација на програмата за 2013 година изнесува 400,000.00 денари, кој е целосно реализирани „за поддршка во организацијата на настани за промоција на туристички места и на производи“.

Подготовката на програмата се повикува на претходно изработени процени и анализи на заедницата. Програмата е изработена од страна на Одделението за локален економски развој, без консултации или без информативни средби со населението. Според претставничка на општинската администрација, „[п]артиципативниот пристап во носењето локални политики е нешто што го развиваме во последно време во нашата општина, но треба време, а и луѓето се често незаинтересирани за тоа. Нашите села се многу оддалечени едно од друго, на жените од соседното село би им требало 45 минути да дојдат до тука. Јавен превоз нема. Не можеме да го бараме тоа од нив“.

Комисијата за еднакви можности исто така не е вклучена во овој процес. Според координаторката за еднакви можности во Општината, доколку од Општината директно не побараат нешто од нив (комисијата), „советничките во КЕМ сами нема никогаш да преземаат иницијатива за нешто“. Покрај тоа, според претставничка на општинската администрација, „... [м]ораме да гоземеме предвид фактот дека жените се разочарани делумно и од некои претходни активности што сме ги имале во рамки главно на проекти. На почетокот сите беа ентузијасти, но ништо од тоа што предложија и рекоа дека им е потребно не се постигна. И сега многу тешко ќе биде повторно да ги организираме. Ќе прашаат зошто да го правиме тоа. Мора да водите сметка за ова“.

## Имплементација на програмата за развој на туризмот во 2013 година

Со оглед на релативно малите финансиски алокации за оваа програма, предвидените активности се делумно реализирани. Евиденцијата и регистрацијата на приватните сместувачки капацитети се започнати како самостоен напор на одговорната во Одделението за локален економски развој да идентификува лица што нудат приватно сместување, бидејќи за оваа активност не се одвоени финансиски средства. Освен финансиските средства, проблем во креирањето ваква база на податоци делумно е и отпорот на луѓето што имаат приватни сместувачки капацитети да се регистрираат, во страв од можните финансиски импликации и расходите што ќе треба да ги подмират. Она што претставува дополнителен предизвик во работата на Општината и во сите други области, е оддалеченоста на општината како административна единица што се наоѓа во Ростуше, наспроти населеното место Маврово, каде што всушност и се наоѓаат најголемиот број приватни сместувачки капацитети. Оваа активност би била поуспешно спроведена ако се интензивира соработката со Инфо-центарот во Маврово, кој е под ингеренции на Националниот парк „Маврово“. Досега се евидентирани околу дваесет приватни сместувачки капацитети, а процената на Општината е дека реалната бројка на сместувачки капацитети е околу илјада. Меѓу евидентираните се и неколку жени што самоиницијативно се регистрирале во Општината. Истражувачкиот тим имаше контакт со две регистрирани сопственички на капацитети за сместување во текот на истражувањето. Инвестицијата за средување на куќите за приватно сместување за една од сопственичките е од сопствени финансиски средства и од банкарски кредит, додека втората сопственичка била корисничка на грант од италијанска организација што работела на развој на туризмот во Маврово. Соработката со Општината се одвива во делот на користење на нивните сместувачки капацитети, главно од луѓето од општинската администрација.

Според добиените информации од интервјуто со сопственичка на регистриран приватен сместувачки капацитет, општината својата поддршка ја дала преку нивно внесување во регистарот на сместувачки капацитети: „Општината мислам дека не може да направи повеќе од тоа, тие нè ставија во регистарот. Тоа е обврска на Инфо-центарот во Маврови Анови, а не на Општината. Не знам што прават тие да привлечат туристи. Не сум информирана и не сум била вклучена во нивни активности“.

Во делот на поддршка на активности од календарот на туристички настани во Општината Маврово и Ростуше, реализирани се сите манифестации. Станува збор за годишни настани од кои само дел се всушност во организација на Општината, а другите се под покровителство на Министерството за култура и на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Реализирани активности во 2013 година од овој календар се:

- поддршка на организацијата за прославата на „4 Мај – Ден на општината",
- поддршка на организацијата на манифестацијата „Галичка свадба 2013",
- поддршка на организацијата на манифестацијата „Овчаријада 2013",
- поддршка на организацијата на манифестацијата „Маврово тур",
- поддршка на организацијата на манифестацијата „Денови на печалбарите",
- поддршка на организацијата на манифестацијата „Ден на традиционална мавровско-реканска пита".

Настаните се претежно промотивни и имаат за цел да го привлечат вниманието на туристите кон производите и кон ресурсите што ги нуди општината. Од наведените настани, жените се директно целни групи и учеснички единствено во денот на одбележување на мавровско-реканската пита. Настанот се организира традиционално во август секоја година. Улогата на општината е да ги идентификува и да ги покани потенцијалните учеснички, кои подготвуваат традиционални пити. Симболично секоја година се прогласува најдобрата пита, која добива награда во вид на апарат за домаќинство (фритеза, миксер), додека секоја од учесничките добива по 500.00 денари од Општината за учество. Ваквите настани, покрај промоцијата на традиционалните производи, според дел од интервјуираните жени, се можност за социјализација и за покажување на нивните вештини. Сепак, може да се забележи голема разлика во спремноста да се учествува на овие јавни манифестации од едно до друго населено место. Во некои села тие не сакаат да бидат дел од јавните настани, а се спремни да придонесат во подготовката.

Ова беше констатирано и во интервјуата со претставници на општинската администрација, кои изјавија: „На пример, жените од нашето село не сакаат да бидат дел од настанот тој ден. Тие ќе ја направат питата и ќе ја донесат да ја остават во Општината, но не сакаат да се појавуваат. Имавме случај кога една жена беше наградена за најдобра пита, но не сакаше да дојде тој ден да си ја земе наградата."

Горенаведеното повторно укажува на потребата да се консултираат жените во изготвувањето на самата програма за да се идентификуваат најсоодветните начини за промоција, кои истовремено ќе го земат предвид локалниот контекст, потребите и предизвиците со кои се соочуваат жените во различните населени места. Од останатите активности, манифестацијата „Маврово тур" традиционално секоја година се организира во соработка со невладина организација „Еко грин". Нема информации за бројот на жени-учеснички на настанот ниту, пак, привлекувањето поголем број девојки- и жени-учеснички се поставува како цел.

Најпознати и масовно посетени настани се „Галичката свадба" и „Денот на печалбарите". Овие настани се организираат под покровителство на Министерството за култура и во деновите кога се одржуваат се претпоставува дека има значаен прилив на средства во локалната економија поради огромниот број посетители. Сепак е дискутабилно дали и во колкава мера жените што живеат во општината имаат, всушност, можност да го искористат тоа како придобивка и како можност за подобрување на својата економска состојба. Поради тоа што повеќе од половина куќи во општината не се користат како живеалишта, прашање е дали и во колкава мера економскиот бенефит од туристите што ги посетуваат ваквите манифестации останува кај жителите во општината.

Во општината Маврово и Ростуше се сместени некои од најпознатите туристички локалитети во државата. Сепак, достапните податоци покажуваат дека бројот на туристи и посетители е голем таму каде што има хотелски капацитети. Приватните сместувачки капацитети се сѐ уште недоволно развиени и потребна е голема инвестиција за да можат да бидат конкурентни. Понатаму, за развој на руралниот туризам, неопходна е развиена инфраструктура како патишта, здравствени центри и можност за дополнителни активности на туристите. Освен Маврово како населено место, другиот дел од општината се соочува со сериозен недостиг на капацитети, каде што всушност и е најпотребно економското зајакнување на жените.

Во однос на временскиот период на организирање на активностите предвидени со програмата, може да се забележи дека тие се случуваат во период кога иселениците се враќаат во државата и тоа е периодот кога, впрочем, има најголемо раздвижување на локалната економија. Маврово и Ростуше е општина каде што има масовно иселување и е многу тешко да се организира настан што би привлекол голем број луѓе во друг период од годината. Понатаму, повторно поради неразвиената инфраструктура, голем дел од населените места во текот на зимата се соочуваат со проблеми со проодност на патишта, како и со недостиг од електрична енергија, што е уште една пречка за организирање на настани во текот на зимата. Од разговорите[68] со жените и со општинската администрација, може да се заклучи дека календарот на активности одговара на она што го нарекуваме сезонски календар на активностите на жените во општината. Според информациите добиени од сите интервјуирани, многу мал број жени и мажи во општината се занимаваат со земјоделие и немаат дополнителни интензивни активности во пролетниот и во летниот период кога се одвиваат најголемиот број манифестации.

## Заклучоци и препораки

Жените се важен ресурс за развојот на руралната економија и во голема мера, според податоците, се гледаат себеси како вработени надвор од земјоделието, што остава простор за развој на нови услуги. Ваквите услуги ќе придонесат кон економско јакнење и кон подобрување на квалитетот на животот во руралните средини за сите граѓани и може да им овозможи економско зајакнување на жените. Руралниот туризам е една од областите што се истакнува како пример за потенцијал за вработување на жените. Сепак, родовиот аспект на развојот на овој туризам не е вграден во програмата ниту пак важноста на неговото вклучувањето е призната. Жените не се доволно препознаени како ресурс за развој во руралниот туризам и за диверзификација на руралната економија. Тие во најголем дел се гледаат како потенцијална работна сила.

## Општи препораки

- Да се работи на надминување на бариерите за активно учество на жените во јавните настани и активности преку: консултација за соодветен избор на локација и на временски период за организирање на настаните; организирање средби во месните заедници наместо во општинската зграда со цел да се обезбеди достапност за жените од сите населени места.
- Комисијата за еднакви можности и координаторката за еднакви можности задолжително да бидат вклучени во изготвувањето на програмата за развој на руралниот туризам. Понатаму, КЕМ да го следи вклучувањето на родовата перспектива во имплементацијата на програмата.
- Понатамошно зајакнување на капацитетите на администрацијата и на советниците за вклучување на родовата перспектива во програмите и во буџетите во различни тематски области.

[68] Лични интервјуа со жени од општината и од општинската организација.

- Интензивирање на соработката со невладини организации што работат на унапредување на положбата на жените. Невладините организации може да бидат вклучени во анализата на потребите на жените и во организирањето консултативни средби на различни локации во општината.
- Да се работи на креирање систем за собирање родово разделени податоци, особено за економските активности на населението. Ова понатаму ќе овозможи креирање на мерки што соодветствуваат на можностите и на потребите на жените и мажите.

## Специфични препораки за вклучување на родовата перспектива во програмата за развој на рурален туризам

- Да се развие методологија што обезбедува вклучување на родовата перспектива во главните текови на програмите за развој на руралниот туризам. На ниво на Општината, методологијата да опфаќа еднакво вклучување на жените и на организациите на жените (формални и неформални) во процесите на носење одлуки во врска со развојот на руралниот туризам.
- Да се дефинираат родови цели и индикатори во рамките на предвидените активности на програмата за развој на рурален туризам.
- Да се продолжи со активности за креирање и за промоција на регистарот за приватни сместувачки капацитети во општината; невладините организации може да помогнат во идентификување на жените што имаат сместувачки капацитети и во организирањето средби за презентација на придобивките од вклучувањето во таков регистар.
- Да се работи на обезбедување пристап до неформално образование за туризмот како бизнис.
- Да се овозможи пристап до информации за пазарот и за побарувачката на пазарот во оваа област.
- Идентификација на сите економски активности на жените во општината релевантни за развојот на туризмот, процена кои се профитабилни, а кои се непрофитабилни за нив и поттикнување само на тие активности што генерираат приход за жените.
- Пристап до грантови и финансирање на економските активности на жените во оваа област.
- Идентификација на ограничувањата и на можностите за развој на ниво на домаќинства. На пример, едно од сериозните ограничувања за развојот на локалната економија, вклучувајќи го и претприемништвото е фактот дека жените и младите жени и мажи во руралните средини немаат имот во своја сопственост. Затоа, потребно е да се изнајдат соодветни стратегии за надминување на овие пречки (на пример, со пристап до средства за развој на бизниси што се во сопственост на жени во рурални средини).

# Општина Ѓорче Петров

## Анализа на програмата за култура и активностите на општината во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор

### Профил на општината

Ѓорче Петров е една од десетте општини што се дел од Градот Скопје. Седум населби во општината се рурални, додека пет се сметаат како урбани. Според последниот попис од 2002 година, општината има 41 634 жители. Етничките групи во населбата се: Македонци – 35 455 (85,2%), Срби – 1730 (4,2%); Албанци – 1597 (3,8%); Роми – 1 249 (3,0%); Бошњаци – 489 (1,2%). Жените претставуваат половина од жителите во општината (50,34%). Во општината има шест основни училишта и четири објекти на градинката Росица. На територијата на општината има еден државен центар за грижа на стари лица, како и еден ваков приватен центар.

### Институционален и организациски капацитет за родова еднаквост

Главните акти што ги поставуваат насоките за локалните политики на Општината Ѓорче Петров се стратешките планови и програми, како и секторските програми. Институционалните механизми за родова еднаквост се воспоставени во форма на комисија за еднакви можности и координатор за еднакви можности на жените и мажите. Комисијата има изготвено и усвоено Програма и Акциски план за родова еднаквост. Програмата е изготвена без вклученост на претставници од други сектори, поради ставот дека „родовата еднаквост е прашање за Комисијата за родова еднаквост“. Пристапот на вклучување на родовата перспектива не е имплементиран кога станува збор за дефинирање на целите во стратешките планови за развој или во другите мерки/активности во годишните програми (Ристеска и Димовска 2014). Општината нема систем за прибирање и за анализирање на родово разделени податоци.

### Партиципативно креирање политики

Граѓанските организации се препознаени од Општината Ѓорче Петров како партнери во имплементирање на програмата за родовата еднаквост. Општата вклученост на граѓаните и форумите во заедниците се показатели дека општината ги оценува потребите на граѓаните. Одредени јавни консултации (фокус-групи) биле развиени во соработка со граѓански организации и со донаторски проекти. Меѓутоа, недостига координиран и системски пристап бидејќи овие активности се спроведени со поддршка од и на иницијатива на други засегнати страни надвор од општината. Според прашалникот пратен како дел од процената до лицето за комуникација, партиципативното креирање политики е фокусирано кон „ранливите групи жени“, но проценката на потребите не ги зема предвид другите фактори како етничката припадност, идентификувана како фактор што може да доведе до двојна дискриминација. Консулта-

циите преземени во текот на 2013 година не обезбедуваат родов баланс во учеството, па така 75% од вклучените граѓани се жени и 25% се мажи.

## Родовата еднаквост и културата

Истражувањата во сферата на родовата еднаквост и културата се прават со цел подобро да се разберат културните вредности, обичаи и традиции кои ја промовираат родовата еднаквост или ги промовираат родови стереотипи како норми во едно општество.

За потребите на оваа студија искористен е приспособен пристап поради тоа што програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор за 2014 година ја вклучува поддршката за граѓанските организации и обезбедува средства за оперативните активности на културниот центар на општината, кој на некој начин обезбедува услуги за граѓаните. Понатаму, програмата вклучува активности и средства за одбележување на главните празници и за патување во збратимените градови. Анализата е направена главно да се оцени како и дали родот е земен предвид во планирањето на приоритетите и како влијае програмата за култура врз динамиката на родот на локално ниво.

## Анализа на програмата за култура, активностите на Општината во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2014 година

Предмет на анализа во Општината Ѓорче Петров е програмата за култура и активностите на општината во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор во 2014 година[69]. Културата е важен фактор за постигнување на родовата еднаквост поради тоа што е тесно поврзана со традициите што ги поттикнуваат стереотипите кон жените, традиционалните родови улоги и нееднаквата положба на жените. Во извештајот за родовата еднаквост и културата[70] за 2014 година, УНЕСКО го дефинира родот како културна и општествена конструкција, дефинирана од страна на односите на моќ меѓу мажите и жените и на нормите и вредностите поврзани со „машки“ и „женски“ улоги. Поради значајноста на културата во поттикнување на родовата еднаквост, од голема важност е програмите за култура да бидат направени земајќи ја предвид родовата перспектива.

Основните цели на програмата за култура на општина Ѓорче Петров наведени во Програмата[71] за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор во 2014 година се:

- институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти од значење за Општината;
- негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични вредности;
- организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;
- одбележување настани и личности од значење за Општината.

69 Програма за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор во 2014 година, стр. 190, бр. 16, Службен гласник на Општина Ѓорче Петров, 5 ноември 2013 година.
70 УНЕСКО Репорт (2014) Родова еднаквост, наследство и креативност, достапно на: http://www.unesco.org/culture/Gender-Equality-and-Culture/flipbook/en/
71 Ибид, бр.16, Службен гласник на Општина Ѓорче Петров, 5 ноември 2013 година.

Според Програмата[72] за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор за 2014 година, вкупниот планиран буџет за извршување на активностите во програмата е 5,981,000.00 денари. Предлог-програма за култура првично е изготвена[73] од страна на претседателот на Комисијата за култура, спорт, млади, признанија и награди. Доколку членовите на оваа комисија ја изгласаат програмата, таа се става на дневен ред на седница на Советот, каде што може да се смени, да се надополни и да се усвои. Комисијата за култура, која ја изработила оваа програма, се состои од пет члена, кои се мажи, како што е прикажано на официјалната интернет-страница[74] на Општината Ѓорче Петров. Ова укажува на тоа дека жените не биле директно вклучени во нејзината подготовка. Дополнителни консултации не се направени за да се обезбеди вклучување на родовите перспективи во програмата. Во програмата нема издвоени цели за родовата еднаквост, а родовите разлики при планирањето на програмата не се земени предвид.

Обезбедувањето на податоците за целите на родовата анализа претставуваше предизвик поради тоа што дел од податоците не беа достапни (собирани) од страна на Општината.

Програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на културата и на поддршката за невладиниот сектор во 2014 година и Извештајот за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на културата и на поддршката за невладиниот сектор во 2014 година, не се во целосна согласност. За голем број од активностите што се одржани, извештајот за 2014 година не ги прикажува наменетите средства, што дополнително ја отежна анализата на програмата.

| Индикатор | Предвидени мерки во програмата | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Организирање културни манифестации | Поддршка на установи, НВО, автори и творци од областа на културата | Културно лето „Ѓорче Петров“ | Одбележување на настани и личности од значење за општината | Посета на збратимени општини |
| Анализата на состојбата содржи родово разделени податоци со цел да се прикажат бројот и родот на корисници на програмите. | Нема податоци разделени по пол, општината не располага со вакви податоци. | | | | |
| Анализата содржи информации за социоекономската положба на жените. | нема | нема | нема | нема | нема |
| Значењето на родовата еднаквост е наведено. | не е наведено | не е наведено | не е наведено | не е наведено | не е наведено |

72 Ибид, бр.16, Службен гласник на Општина Ѓорче Петров, 5 ноември 2013 година.
73 Информација добиена преку телефонски разговор со лицето за комуникација на Општината на 12.2.2015 г.
74 Официјална инернет-страница на Општината Ѓорче Петров: http://www.opstinagpetrov.gov.mk/

| Индикатор | Предвидени мерки во програмата | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дефинирани се родови цели во рамки на приоритетите. | нема | нема | нема | нема | нема |
| Дефинирани се активности за унапредување на родовата еднаквост во рамки на целите. | нема | нема | нема | нема | нема |
| Области во кои има јасно дефинирани активности за унапредување на положбата на жените. | нема | нема | нема | нема | нема |
| Предизвици што се наведени во однос на програмите и на родовата еднаквост. | нема | нема | нема | нема | нема |
| Родови индикатори за мониторинг на имплементацијата | нема | нема | нема | нема | нема |
| Предвиден буџет за реализација на мерките. | 2,733,000.00 МКД | 1,733,000.00 МКД | 655,000.00 МКД | 268,000.00 МКД | 6,000,000.00 МКД |
| Назначени финансии за активности за унапредување на родовата еднаквост. | не се предвидени | не се предвидени | не се предвидени | не се предвидени | не се предвидени |
| Износ на финансиските алокации специфично назначени за унапредување на родовата еднаквост. | нема | нема | нема | нема | нема |

Индикаторите во табелата посочуваат на степенот на вклучување на родовата перспектива во планирањето, изготвувањето и во имплементирањето на програмата за култура. Понатаму, индикаторите укажуваат дали и колку финансиски средства се алоцирани за цели и активности што ја унапредуваат родовата еднаквост. Анализата укажува на недостиг од вклучувањето на родовиот аспект во програмата за култура и во активностите на Општината во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор за 2014 година. Имено, планираните мерки во програмата за култура не ги рефлектираат основните индикатори за инкорпорирање на родовата перспектива и за унапредување на родовата еднаквост во активностите во областа на културата на општината.

Во програмата недостигаат и назначени финансиски ресурси за активности за унапредување на родовата еднаквост. Општината не поседува родово разделена статистика за лицата што ги посетуваат културните настани, како и уметниците што се дел од манифестациите и кои општината финансиски ги поддржува. Во приоритетите на програмата не постојат јасно дефинирани родови цели ниту пак постојат активности за унапредување на родовата еднаквост во целите на програмата. Оттука, може да се констатира дека родовата еднаквост и родовата перспектива, всушност, не се соодветно земени предвид при креирањето и при имплементирањето на програмата за култура на Општината Ѓорче Петров.

## Програма за култура – организирање културни манифестации

Во Програмата за култура, од страна на Општината, најголем акцент и важност се ставени врз „одржувањето[75] на континуитетот на традиционалните културни манифестации". Во Програмата за 2014 година се планирани вкупно 14 културни манифестации. Од овие, четири се верски, две се манифестации за децата, две се новогодишни, од кои една е новогодишен прием и една манифестација е за доделување награда за најдобро накитен двор и куќа за време на новогодишните празници. Останатите шест манифестации се посета на гробот на Ѓорче Петров, одбележување на денот на паднатите бранители од 2001 година, празник на општината, фолклорна вечер, како и одбележување локални и државни празници.

Во Извештајот[76] за реализираните активности на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор за 2014 година, за реализирани проекти се наведени дванаесет активности. Финансискиот дел на извештајот посочува само 4 активности за кои се потрошени финансиски средства, и тоа за Денот на крстот, Денот на Општината, посетата на гробот на Ѓорче Петров и Детскиот фестивал „Соната". Денот на крстот е една од манифестациите за која истражувачкиот тим доби повеќе информации.[77] Денот на Крстот се одржува во село Кучково, каде што на манифестацијата се претставуваат традиционални народни селски игри. Според добиените податоци, во просек, посетеноста на оваа манифестација брои од 5,000. до 7,000. граѓани, но родот на посетителите не е запазен. Музичката подлога ја обезбедува групата „Академци", составена од 6 члена (мажи), кои изведуваат народна музика и за нивниот настап се одделени 27,625.00 денари. Понатаму се наведуваат естрадни уметници за кои нема информации, а одвоени се 5,256.00 денари. За оваа манифестација, според Извештајот[78] на општината за 2014 година, вкупно се потрошени 180,528.00 денари, и тоа за:

- настап на групата „Академци" по повод Денот на крстот: 27,625.00 денари,
- настап на естрадни уметници: 5,256.00 денари,
- превоз на патници по повод Ден на крстот: 2,600.00 денари,
- печатарски услуги за спортски и за културни активности за Денот на крстот 2014: 145,047.00 денари.

[75] Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2014 година, стр. 190, бр.16 Службен гласник на Општина Ѓорче Петров, 5 ноември 2013 година.
[76] Ибид, стр. 190, бр. 16, Службен гласник на Општината Ѓорче Петров, 5 ноември 2013 година.
[77] Електронски допис од 22.12.2014 добиен од страна на раководителот на културниот центар на Општината Ѓорче Петров.
[78] Извештај за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор за 2015 година добиен преку електронски допис со лицето за комуникација за Ѓорче Петров од 13.2.2015.

## Поддршка на установи, невладини организации, автори и на творци од областа на културата

Во електронска и телефонска комуникација[79] со лицето одговорно за култура, на повеќе наврати беше наведена вклученоста на невладините организации и на училиштата со нивните идеи и предлози за настани, но дополнителни информации за тоа каков вид невладини организации станува збор и кои училишта се вклучени во настаните не се доставени.

Во Извештајот[80] за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор за 2015 година, добиени преку електронски допис, за 2014 година за манифестација по повод Денот на Општината се одделени 117,324.00 денари и тоа за:

- авторски надоместок за настап на КУД „Ѓорче Петров": 67,583.00 денари;
- авторски надоместок за за концерт на Влатко Лозановски: 40,784.00 денари;
- авторски договор за превод од турски на македонски јазик за празникот на општината: 8,957.00 денари.

Понатаму, потрошени се финансиски средства за следниве активности:

- Детскиот фестивал „Соната", за кој се потрошени 63,506.00 денари за авторски надоместок,
- превоз на патници на релација Скопје – Софија – Скопје за посета на гробот на патронот Ѓорче Петров, за што се одвоени 24,970.00 денари; од Општината не се доставени повеќе информации за кој бил дел од патувањето.

Според добиените информации[81], во носење на програмата за културните манифестации се вклучени раководителот на културниот центар и градоначалникот, но предвид се вклучени граѓаните односно жените и мажите од општината. Во програмата не постои манифестација за одбележување на меѓународниот Ден на жената или друг вид манифестација што би го промовирала, би го поттикнала или би го подобрила статусот на жените во општината.

Годишните извештаи за информациите доставени до истражувачките за спроведените активности делумно се разликуваат, односно планираните и спроведените активности не се во целост исти. Во Програмата за поддршка на установи, невладини организации, автори и творци од областа на културата за 2014 година се наведени следните активности:[82]

- поддршка на програмата на КУД „Григор Прличев": 120,000.00 денари;
- поддршка на автори-творци, поединци во областа фгна културата: 200,000.00 денари (издавање книги, компонирање, снимање песни во студија, договорни услуги, услуги за копирање и печатење и издавање);
- поддршка на невладини организации и на институции во областа на културата и на творештвото: 100,000.00 денари (активности на невладините организации во рамките на општината, оперативни расходи, договорни услуги);

[79] Ибид, 22.12.2014.
[80] Ибид,13.2.2015.
[81] Информации добиени преку телефонска комуникација и електронски допис од 27.1.2015.
[82] Програма за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор во 2014 година, стр. 190, бр.16, Службен гласник на Општина Ѓорче Петров, 5 ноември 2013 година.

- организирање самостојни и здружени културни активности: 250,000.00 денари (театарски, кино-претставии настапи, оперативни расходи и договорни услуги);
- организирање изложби: 150,000.00 денари (премиерни изложби на домашни и на странски автори);
- рекламирање на радио- и ТВ-станици: 550,000.00 денари (за потребата на Општината по повод разни настани од секојдневната работа на Општината);
- Програма за развој и унапредување на свеста за значењето на културата и на уметноста: 400,000.00 денари (Програмата се планира да се реализира во соработка со Градот Скопје).

Во Извештајот[83] за активностите поврзани со Програмата на Општината за 2014 година, како поддршка за установи и за невладини организации, следните активности се наведени за реализирани:

- организирање изложби: во овој дел, освен за превозот на ученици за Детската уметничка колонија „Кучково", за кој се одделени 5,733.00 денари, одвоени се и средства за набавка на материјал за Детската ликовна колонија во висина од 7,658.99 денари;
- рекламирање на радио и ТВ-станици: 598,708.00 денари (пишување синопсис за директен радиопренос по повод Денот на крстот: 11,095.00 денари; авторски надоместок за лектура на текстови во медиуми: 21,590.00 денари; авторски хонорар за пишување, уредување и за лекторирање текстови за годишен весник: 404.00 денари; авторски хонорар за текстови за весници за општината: 16,576.00 денари; авторски надоместок за уредување страница во весникот „Нова Македонија": 11,051.00 денари; печатење весници и рекламен материјал: 76, 357.00 денари; рекламирање во медиуми за реализирани проекти и проекти во тек, изработка на записи и видеоматеријали, редовно видеоследење на настани во општината: 461,635.00 денари.
- фотографирање и снимање: 369,864.00 денари (авторски надоместок за монтажа на видеоматеријал од настани од интерес за општината: 11,339.00 денари; услуги за фотографирање: 63,525.00 денари; изработка на видеоматеријал за општината: 295,000.00 денари).

Според информации добиени од општината, финансиска поддршка имаат добиено следните автори и уметници:

- поддршка на програмата на КУД „Григор Прличев" од страна на општината со 54,000.00 денари;
- Општината наведува[84] еден автор (Сашо Ливрински) поддржан за патување на меѓународен натпревар со хор во Атина, Р. Грција; вкупната сума наменета за поддршка на овој автор е 47, 516.00 денари; оваа сума не е вклучена во извештајот за активностите поврзани со Програмата на Општината за 2014 година;
- други поединци што понатаму се наведени како поддржани од Општината се четворица уметници (еден флејтист, еден пијанист и две виолинистки), како и снимање на видеоспот за млад изведувач; вкупниот број поддржани уметници е седум, од кои само две се жени; понатаму, општината не поседува[85] детални информации за тоа колку средства се одвоени за поддршка на овие уметници;
- КУД „Григор Прличев" е наведено како единствена невладина организација поддржана од страна на Општината.

[83] Извештај за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор за 2015 година добиен преку електронски допис со лицето за комуникација на Општината од 13.2.2015.
[84] Електронски запис од 22.12.2014 добиен од раководителот на Културниот центар на Општината.
[85] Ибид, 16.2.2015.

Во овој дел, освен за Денот на крстот, кој спаѓа во делот на програмата за манифестации, повеќе детали не се прикажани ниту се добиени од страна на општината. Од овие потрошени средства не може да се види за каква цел е направен рекламниот и видеоматеријалот и дали преку овие мерки се поддржани невладини организации или индивидуални уметници. Во овој дел исто така нема никакви информации поврзани со родови цели. Авторите, творците и невладините организации што се поддржани[86] од оваа мерка се избираат по пат на јавен оглас или на предлог-листа. Во делот на Извештајот[87] каде што се наведени нереализираните проекти нема информации за поддржани невладини организации.

## Програма за култура – Културно лето 2014

Културното лето е манифестација што во 2014 година се одржала во реонскиот парк на општината помеѓу 10. и 20. јули. Во Извештајот[88] за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на културата и на поддршката за невладиниот сектор во 2014 година, манифестации во склоп на Културното лето се следените:

- отворање на манифестацијата,
- целовечерен концерт на КУД „Григор Прличев“,
- концерт на фолклорна музика,
- гостување на Детскиот фестивал „Златно славејче“,
- настап на градски фолклорни културно-уметнички друштва,
- реприза на Детскиот фестивал „Соната“,
- завршна фолклорна вечер.

Во делот на Извештајот за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор, освен што се наменети 54,000.00 денари за КУД „Григор Прличев“, други информации за потрошените средства нема. Според извештајот, дел од Културното лето биле културно-уметничките друштва „Григор Прличев“, „Јонче Христовски“ и „Мирче Ацев“ од Скопје, како и 5 културно-уметнички друштва од Италија, Унгарија, Србија, Кипар и од Шпанија, како и една театарска претстава на отворено за која нема детални информации, концерт на Круме Спасовски и скечеви со актерите Ванчо Петрушевски и Гоце Тодоровски. Понатаму, преку електронски допис[89], Влатко Лозановски и „Силви Бенд“ се именувани како дел од Културното лето, како и репризните изданија на детските фестивали „Соната“ и „Златно Славејче“. Завршната фолклорна вечер е направена со КУД „Григор Прличев“ и гостински културно-уметнички друштва од Гостивар, Тетово и од Општината Илинден. Никаков друг вид податок не е доставен од страна на општината на барање на истражувачкиот тим. Финансиските средства што се одвоени за гостите на културното лето не се јасно прикажани во годишниот извештај ниту, пак, се доставени до истражувачкиот тим.

[86] Електронски допис од 22.12.2014 добиен од  на Културниот центар на Општината.
[87] Извештај за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор за 2014 година, добиен преку електронски допис со лицето за комуникација на Општината.
[88] Ибид, Извештај за активностите на Општината.
[89] Ибид, 22.12.2014 добиен од раководителот на Културниот центар на Општината.

Според раководителот на Културниот центар на општината[90], КУД „Григор Прличев“ и културно-уметничките друштва од други градови во своите состави најчесто ја запазуваат родовата еднаквост поради природата на своите настапи. Составот на групата „Силви Бенд“ е родово еднаков, а другите учесници во Културното лето се од машкиот пол. На барање на истражувачкиот тим, планот за реонскиот парк каде што се одржува Културното лето не беше доставен. Поради ова, не е направена детална анализа за положбата, пристапот и за осветленоста на паркот.

## Програма за култура – Програма на Центарот за култура на Општината за 2014 година

Во Програмата на Центарот за култура за 2014 година се издвоени 9 манифестации, но во комуникација[91] со општината се наведени триесет и четири манифестации.

Во Извештајот[92] за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор за 2014 година, наведени се 7 активности, за кои се издвоени 123 984.00 денари и тоа за:

- концерт на фолклорна музика на Факултетот за музичка уметност од Штип: 11,051.00 денари;
- премиерна претстава „Лето во ноември“: 26,375.00 денари;
- авторски надоместок за театарска претстава „Женско царство“: 26,375.00 денари;
- авторски надоместок за театарска претстава: 24,273.00 денари;
- авторски хонорар за оркестарот „Синкопа“, кој е наведен како оркестар на класична музика (на интернет, освен еден ромски оркестар, ваков не можеше да биде најден): 19,781.00 денари;
- авторски надоместок за текст по повод отворањето на спомен-собата на Анте Поповски во Центарот за култура: 16,129.00 денари.

Претставите „Лето во ноември“ и „Женско царство“, освен премиерно, одиграни[93] се уште четири пати со вкупна посетеност од 1 600 граѓани, каде што родовата посетеност не е следена. Претставите се одиграни и во шест основни училишта за учениците од 6. до 9. одделение, посетени од страна на 1 200 ученици. За гимназиите, актерот Никола Тодоровски одржал два стендап-настапи, гледани од 440 посетители. За пензионерите исто така се одиграни уште четири претстави со вкупен број од 880 гледачи.

Театарската претстава „Лето во ноември“ е социјална драма за пороците на модерните времиња. Во оваа претстава[94] се работи за млад човек што не знаејќи дека има дете, ќе замине за Америка. Од кога ќе поминат 40 години, човекот се враќа и дознава дека имал син, но синот починал поради користење дрога.

Комедијата „Женско царство“ ги обработува традиционалните улоги на мажите и жените, но и како би се одвивале работите кога родовите би ги замениле улогите. Според раководителот на културниот центар на општината, „Во оваа претстава Господ им дава на жените да владеат со светот, и притоа се нарушува поставеното од Бога“, раководител на Културниот центар на Општината.

Претставата преку својата содржина поттикнува родови стереотипи преку претставување на жените

[90] Ибид, 22.12.2014.
[91] Електронски допис од 22.12.2014 добиен од раководителот на Културниот центар на Општината.
[92] Извештај за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор за 2014 година, добиен преку електронски допис со лицето за комуникација на Општината на 13.2.2015.
[93] Ибид, 22.12.2014.
[94] Телефонски разговор со раководителот на Културниот центар на Општината на 18. 2.2015.

и мажите во "невообичаените" општествени родови улоги (мажите како "домаќинки" жените како "кметови") со цел да се покаже дека жените и мажите не треба да ги менуваат "природните" родови улоги, односно да останат во улогата на опшптествено наметнатите родови стереотипи. Истата се прикажува во основните и средните училиштата, со што меѓу најмладите се промовираат родови стереотипи и родови улоги кои може негативно да влијаат врз свеста на младите во поглед на родовата еднаквост. Националната Стратегијата за Родова Еднаквост (2013-2020) го опфаќа образованието како еден од приоритетните сектори и предвидува превземање мерки од страна на образовните институции за елиминирање на стереотипите и промовирање на родовата еднаквост.[95]

Понатаму, во Културниот центар се одржани различни културни манифестации вклучувајќи две ликовни изложби со вкупна посетеност[96] од 300 посетители, средби на пензионерски музички друштва (11 пензионерски организации) и концерт по повод Денот на Ромите.

Културниот центар до сега не се користел за економски цели но се користел од страна на Црвениот крст за крводарителски цели, при што се одржани две крводарителски акции и шест стручни предавања од сферата на медицината, за кои Општината нема доставено повеќе информации. Вкупната посетеност на Културниот центар, според Општината, се движи од околу 6 000 посетители. Во Културниот центар се вработени две лица според договор на дело, за кои, на барање од страна на истражувачите, не се доставени повеќе информации. Родово разделени податоци за вклучените уметници во манифестациите на културниот центар (за различните манифестации)  не постојат и не беа доставена до истражувачкиот тим.

## Програма за култура – Посета на збратимени општини

Збратимени општини[97] со општината Ѓорче Петров се: Кушадаси (Република Турција), Краснаполјана (Република Бугарија), Осечина (Република Србија), Ормоз (Република Словенија). Раководителот на Културниот центар и градоначалникот во договор со претседателот на советот (маж) го одредува[98] составот на делегациите во согласност со понудената агендата на збратимените општини. Делегациите се составени од лицата што би ја претставувале Општината во најдобро светло. За програмската содржина се консултираат стручни лица, меѓу кои и раководителот на Културниот центар. Според Општината, во делегациите жените се секогаш повеќе застапени од мажите, но конкретен број на учесници во делегациите не беше доставен. За оваа намена во Програмата[99] за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа културата и на поддршката на невладиниот сектор во 2014 се планирани 600,000.00 денари, но во Извештајот за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор за 2014 година, нема никакви информации за тоа колку средства се наменети за реализирање на оваа активност.

Во извештајот за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор за 2014 година, договорни услуги што се прикажани како расходи се:

- естраден настап на познати актери на „Тортијада 2014“: 11,052.00 денари;
- естраден настап на „Академци“ на Тортијада: 19,891.00 денари;

95 Министерство за Труд и Социјална Политика - Национална Стратегија за родова еднаквост (2013-2020) Достапна на http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx
96 Електронски допис од 22.12.2014 добиен од раководителот на Културниот центар на Општината.
97 Електронски допис 16.2.2015 добиен од лицето за контакт на Општината.
98 Ибид, 22.12.2014.
99 Програма за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор во 2014.

- печатење медали, плакати, Службен гласник, евидентни книги и маици, пехари, картонски папки, колор-дипломи, папки: 82,932.00 денари;
- озвучување на културни и на музички настани, државни и верски празници и пуштање во употреба на реализирани проекти, средби со граѓани, невладини организации и здруженија во општината: 30,553.00 денари;
- услуги за цветни аранжмани: 25,400.00 денари;
- билети за концерти: 15,000.000 денари;
- услуги за празнични огномети во општината: 53,636.00 денари;
- останати оперативни расходи за материјал за празнични поводи: 78,000.00 денари;
- прехранбени продукти и пијалаци за верски, државни и за општински празници и културни манифестации: 211, 217.00 денари.

Иако ставката транспорт на луѓе постои во Извештајот, не се достапни информации за активностите поврзани со настаните за кои се покриени транспортни трошоците и тоа:

- превоз на учесници на меѓународен натпревар „Слатки соништа" (тортијада во Јагодина, Република Србија): 30,015.00 денари; освен податоците дека три натпреварувачки се од Комисијата за еднакви можности, не беа достапни информации за фактичкиот настан; самиот наслов укажува дека настанот ги зацврстува традиционалните улоги на жените и на мажите бидејќи жените се преставуваат како „добри домаќинки";
- превоз на ученици на регионален натпревар по физика: 10,364.00 денари (повеќе информации нема);
- превоз на патници на релација Скопје •Охрид •Скопје: 9,450.00; не се достапни родово разделени информации за самите патници ниту за намената на патувањето за да се направи подетална анализа;
- превоз на патници на културен настан во Пустец, Република Албанија: 24,300.00 денари (нема повеќе информации);
- превоз до манастирот Св. Јован Бигорски: 18,522.00 денари.

Вкупниот број нереализирани проекти во Програмата за активностите[100] на Општината Ѓорче Петров во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор во 2014 година е седумнаесет. Од овие седумнаесет проекти, наведени се само Калиопи и Васил Шишков како уметници, додека за другите активности се наведуваат група изведувачи, поети и танчари, па оттука не може да се заклучи родовата поделеност на лицата што биле дел од нереализираните проекти и активности. Во овој дел исто така не е реализирана средба на вработените од општината и од училиштата по повод 8 Март. Причината што е наведена за неостварување на средбата по повод 8 Март е незаинтересираноста на вработените и на училиштата да бидат дел од ваков тип средба.

[100] Ибид, Извештај за активностите на Општината Ѓорче Петров.

## Состаноци за валидација

На состанокот за валидација во Општината Ѓорче Петров присуствуваа координаторката за еднакви можности, портпаролот на градоначалникот на општината и воедно раководител на Центарот за култура, советници од КЕМ, претседателот на Советот и советници од Комисијата за култура, спорт, млади, признанија и награди. Вкупниот број учеснички беше 3, а вкупниот број учесници 5.

На состанокот се презентираа наодите од анализата на Програмата за култура, по што присутните имаа можност да го кажат своето мислење, како и да дадат препораки за понатамошно подобрување на програмата.

Присутните претставници на Општината потврдија дека не постои родово разделена статистика за посетителите на настаните што се определени во програмата за култура. Дел од присутните сметаа дека на настани како што е Денот на крстот речиси е невозможно да се води родово разделена статистика за посетителите на настанот. Иако не постојат родово разделени податоци, присутните на состанокот сметаа дека настаните што се одржуваат во склоп на програмата за култура се секогаш направени за потребите на граѓаните на општината и нема разлика во бројот на жени или мажи-посетители. Понатаму, на истиот настан групата „Академци" (состав од 7 мажи) била ангажирана од страна на Општината поради тоа што нивниот хонорар бил во рамките на буџетот на Општината, додека хонорарите на некои од жените-изведувачи биле повисоки од предвидениот буџет на општината.

Во овој момент недостигаат консултативни средби каде што граѓаните ќе го дадат своето мислење за тоа каков вид манифестации би сакале општината да организира. Присутните на состанокот сметаа дека самите жени во партиите ги пренесуваат интересите на другите жени од општината, како што и советничките групи ги пренесуваат потребите на граѓаните. Во врска со групите на маргинализираните жени што немаат можност да се изјаснат за своите потреби на овој начин, на состанокот се дојде до препорака за правење листа на невладини организации што би сакале да помогнат на Општината за идни консултативни средби.

Во анализата на програмата недостига анализата на реонскиот парк каде што се одржува културното лето поради тоа што Општината до истражувачкиот тим не достави план за партерното уредување на паркот. На состанок, од страна на администрацијата беше истакнато дека културното лето, како и другите манифестации се прават според стандарди за манифестации (безбедност, осветленост и слично), но не се земени предвид другите фактори што може да влијаат врз посетеноста на манифестациите од страна на жените.

Споредбата на Програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор во 2014 со Извештајот за активностите во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор покажа разлика помеѓу планираните манифестации и манифестациите што се успешно одржани. Оваа разлика се должи на флексибилноста на програмата, односно годишната програма има активности што може да се сменат и да се надополнат во текот на годината. Според информациите добиени од раководителот на центар за култура на општината, „буџетот на општината е мал, културата е жива материја и никој не може да предвиди колку или кои активности ќе се направат."[101]

Дел од присутните покажаа голем интерес за препораките што ќе произлезат од студијата, како и за нивно суштинско имплементирање. Во дискусијата беше дадена препорака за поделба на Комисијата за култура, спорт, млади, признанија и награди на комисија за култура и на комисија за спорт, млади,

[101] Состанок за валидација, Општина Ѓорче Петров 12.5.2015.

признанија и награди. На овој начин, комисијата за култура ќе има поголема ингеренција да влијае во сферата на културата без да се делат надлежностите или наменетиот буџет за настани што не се во сферата на културата (на пр., турнир во мал фудбал).

Позитивен аспект што произлезе од состанокот е тоа што присутните изразија желба за понатамошна соработка со UN WOMEN, или поконкретно, соработка за креирање и за успешно имплементирање стратегија за родова еднаквост во општината. Понатаму беше изразена загриженост од страна на присутните за предизвиците во добивањето на релевантните податоци, односно ненавременото доставување на податоците од Општината до истражувачкиот тим.

Состаноците укажаа на потреба за обуки за родовата еднаквост за мажите-советници и членови на администрацијата, поради тоа што впечатокот е дека мажите во Општината не сосем ја разбираат родовата еднаквост и позитивното влијание од вклучувањето на родовиот аспект во програмите на Општината.

## Заклучоци и препораки

Општината Ѓорче Петров е една од општините што изготвуваат богата програма за културни настани и манифестации, како што е и прикажано во Извештајот за активности. Иако во самата програма се наведени средства за поддршка на невладини организации, освен за КУД „Гоце Делчев", други средства не се одвоени за нивна поддршка.

Во креирањето на програмата за култура не е вклучена родовата перспектива, односно програмите нужно не ги пресликуваат потребите на жените и на мажите во општината. Ова се должи на недостигот од консултативни средби на Општината на кои жените и мажите, а особено маргинализираните жени ќе бидат во можност да ги претстават своите потреби во однос на културните манифестации, поддршка за творештво и слично. Општината во соработка со невладини организации во иднина може да креира настани и програми што специфично ќе бидат насочени кон жените и кои може да се одржуваат во културниот центар на Општината. Во буџетот наменет за културни манифестации може да се издвојува дел наменет за манифестации во кои активно ќе се вклучат жените од општината. Општината може да биде во контакт со различни културно-уметнички друштва (музички, историски, медиумски уметности) преку кои ќе се добијат информации за програми и за настани што би биле од интерес на жените во општината. Недостигот на родово одговорниот буџет влијае врз:

- имплементација на принципот на родова еднаквост и интеграцијата на овој принцип во фискалниот систем на државата и на субјектите;
- соработка помеѓу институциите и невладиниот сектор на локално ниво со цел да се искористат локалните ресурси и да се развијат одржливи структури;
- зголемена одговорност на сите општествени актери и мониторинг на нивната работа[102];
- зголемување на степенот на демократизација на општеството, како и на транспарентноста.

Позитивен фактор е тоа што општината е заинтересирана за понатамошно градење на капацитетите на општинската администрација за соработка со невладините организации и за подобрување на вклученоста и на влијанието на граѓаните во донесувањето на одлуките.

[102] Будлендер и Хевит, 2003.

## Општи препораки

- Консултации со жителите на општината во врска со видот манифестации што би сакале да се организираат во општината. Консултации со жени преку фокус-групи, како и преку формални и неформални групи со цел да се утврдат културни манифестации што би промовирале родова еднаквост.
- Одбележување на меѓународниот Ден на жената 8 Март преку културни настани, како што се: дебати, семинари и работилници за улогата на жената во општеството и родовата еднаквост. Би било соодветно одбележувањето на овој ден да се направи на начин што не ги поттикнува стереотипите кон жените.
- Денови на кариерата /отворени денови, организирани од страна на Општината во училиштата. На ваквите настани да бидат поттикнати средби со жени од областа на културата, филмската индустрија и на музичката индустрија за да се запознаат младите девојки со ваквиот вид професии.
- Собирање родово разделена статистика за културните настани што се организирани од Општината. Ваков вид статистика би служел како индикација за тоа кои од манифестациите во најголем број се посетени од страна на жените и на мажите. Ваквите податоци понатаму би се искористиле со цел програмата да се надополни и подобро да се приспособи на потребите и на интересите на граѓаните.
- Комисијата за култура, спорт, млади, признанија и награди да се подели на две комисии, и тоа: комисија за култура и комисија за спорт, млади, признанија и награди. Комисијата за култура да работи во соработка со комисијата за еднакви можности и со координаторката за еднакви можности при изготвувањето на програмата за култура. Задолжителни обуки за администрацијата и за советниците за концептот на родовата еднаквост и позитивното влијание од вклучување на родовата перспектива во програмите на Општината. Ваквиот вид обуки ќе ја зголемат свеста и ќе зголемат капацитетот на администрацијата што ја изготвува програмата за да биде во иднина родовата перспектива вклучена во креирањето на програмите. Понатаму, ако е општинската администрација запознаена со концептот на родовата еднаквост, тогаш се намалува ненамерната дискриминација врз основа на полот во програмите на Општината.
- Комисијата за еднакви можности и координаторката за еднакви можности задолжително да бидат вклучени со свои предлози и идеи во изготвувањето на програмата за култура. Понатаму, КЕМ да го мониторира вклучувањето на родовата перспектива во изготвувањето на програмата.
- Соработка со невладини организации што работат за подобрување на правата на жените и за нивно зајакнување. Преку ваквата соработка Општината ќе може на полесен начин да стапи во контакт со жените од општината, како и со жените од маргинализираните групи. Целта на ваквата соработка е да се направат консултативни средби на кои жените ќе имаат можност да дадат предлози како да се подобри програмата за култура.

## Специфични препораки за вклучување на родовата перспектива во програмата за култура, активностите на општината во областа на културата и во поддршката на невладиниот сектор

- Дефинирани родови цели во рамки на приоритетите на културните манифестации, како што е поголема посетеност на жените на манифестациите и на настаните организирани од страна на Општината. Поттикнувањето на посетеноста на жените може да се направи преку бесплатен организиран превоз за жени до културниот настан (манифестацијата), еднаков број жени и мажи-изведувачи на културните настани, како и преку организирање манифестации на места што имаат лесен урбанистички пристап (осветленост, тротоар, поврзаност со ЈСП).
- Во програмата да се вклучат бесплатни едукативно-забавни тематски настани за родителите што не работат поради грижа на деца (во најголем процент мајки). Ваков вид настани ќе поттикнат едукација и социјализација на жените во општината, кои поради грижа за децата или поради нега на постари членови на семејството не се во можност да работат. Во буџетот на програмата да има средства наменети за ваков вид манифестации.
- Во буџетот на програмата за култура да се издвојат средства за најмалку три трибини годишно за поттикнување на родовата еднаквост, кои може да се одржуваат во Центарот за култура на Општината.
- Настани за поттикнување на традиционалните занаети, како што се: грнчарство, филигранство и столарство. Општината може да организира изложби на кои ќе бидат промовирани ракотворбите направени од жените во општината.
- За одбележување на меѓународниот Ден на жената 8 Март, општината да издвојува финансиски средства за настан на кој жени од сферата на политиката, бизнисот и од техничките професии ќе дискутираат за своите искуства и за тоа како да се поттикне вклучувањето на жените во овие општествени сфери.
- Дефинирани активности за поттикнување на родовата еднаквост преку поддршка на девојки/жени творци и авторки. Општината на годишно ниво да распределува финансиски средства специфично наменети за поддршка на жените-авторки и творци.
- Работилници за културното наследство и за улогата на жените во културните манифестации во општината. Целта на работилницата е да се покажат нееднаквостите со кои се соочуваат жените кога станува збор за културното наследство, како и да се подобри традиционалната позицијата на жената во културното наследство, манифестациите и слично.
- Културното лето „Ѓорче Петров“ да има еднаков број жени и мажи-интерпретатори. За време на настанот да има достапни јавни тоалети, како и обезбедување што меѓу другото ќе има обврска да им помага на постарите лица, лицата со посебни потреби и на родителите со колички.
- Одбележувањето на настани и на личности од значење на општината да вклучува и влијателни и значајни жени. Во патувањата како што се посета на гробот на Ѓорче Петров во Република Бугарија, делегацијата да вклучува еднаков број жени и мажи со акцент на претставнички на маргинализирани жени и жени од етничките заедници. Во делегациите што ги посетуваат збратимените општини да бидат еднакво застапени и жените и мажите. Делегациите што ја посетуваат општината (гостите) да бидат дел од манифестации за подигање на свеста за родовите диспаритети во културниот живот, каде што преку размена на знаење и на практики ќе се поттикнува родовата еднаквост.

# БИБЛИОГРАФИЈА


- Budlender, D & Hewitt, G (2003). Gender Budgets Make More Cents Country Studies and Good Practices
- Convention on Elimination on all Forms of Discrimination against women (2013). Macedonia's combined 4th and 5th Periodic report, Concluding observations. Достапно на http://goo.gl/Ys18ah
- Kazandziska, M, Risteska, M & Shmidt, V (2012) The Gender Pay Gap in the former Yugoslav Republic of Macedonia.
- UNESCO (2014). Gender Equality, Heritage and Creativity. Retrieved from http://goo.gl/2QJErW
- UN Habitat (2008). Gender mainstreaming in local authorities, best practices. http://goo.gl/dM5ePR
- Акција Здруженска. (2014) "Две години потоа: Мониторинг на напредокот во примената на Законот за еднакви можности на жените и мажите".
- Благојевиќ М. и Владисављевиќ А. (2008) Упатство за родово базирано буџетирање на локално ниво – примерот на Војводина.
- Брандит, Л и Хауген, М (2007). Родовата работа во семејните фарми и туризмот, Журнал на компаративните семејни студии
- Влада на Република Македонија, Членови на Влада на РМ во 2016 година. – http://vlada.mk/#
- Државен завод за статистика, 2015-2016 - Наставници и соработници во високообразовните установи во академската 2015-2016 година. Достапно на http://www.stat.gov.mk/pdf/2016/2.1.16.10.pdf
- Закон за еднакви можности на жените и мажите (2006). Службен весник на РМ, бр.66/06 од
- Закон за еднакви можности на жените и мажите (2012), Службен весник на РМ број 6/2012
- Закон за основно образование, објавен во Службен весник на РМ бр. 20
- Изборен законик (2006). Службен весник на РМ бр. 40
- Министерство за Економија на Република Македонија.Национална стратегија за развој на рурален туризам 2012–2015.
- Министерство за Труд и Социјална Политика (2012) - Методологија за родово одговорно буџетирање на централно ниво.
- Министерство за Труд и Социјална Политика - Национална Стратегија за родова еднаквост (2013-2020)
- Министерство за Труд и Социјална политика (2014). Регионален преглед и одговор на прашалник за имплементација на Пекиншката декларација и платформа за акција (1995) и резултатите од 23. сесија на Генералното собрание (2000) за подготвување регионален преглед и процена во контекст на 20 години од усвојувањето на Пекиншката декларација и платформа за акција во 2015 година.
- Народен правобранител (2013). Годишен извештај за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на човековите права – http://goo.gl/yZqTxX

- Официјална веб-страница на општина Ѓорче Петров – http://www.opstinagpetrov.gov.mk/
- Општина Аеродром (2013). Годишен извештај за 2013 година од областа на еднаквите можности на жените и мажите.
- Општина Боговиње - Програма со планирани проекти за 2015 година
- Општина Боговиње - Извештаи за реализирани проекти на општината, 2011, 2012, 2013, 2014
- Општина Ѓорче Петров - Програма за активностите на во областа на културата и на поддршката на невладиниот сектор во 2014 година
- Службен гласник на Општина Аеродром бр. 20 од 10.12.2013 година, Годишна програма за образование за Општина Аеродром за 2014 година на стр. 90, План за јавни набавки за 2014 година на стр. 67 и Буџет на ОА за 2014 година стр. 141;
- Службен гласник на Општина Аеродром бр. 20 од 14.09.2012 година, Договорот за основен проект за хортикултурно и партерно уредување на ООУ Александар Македонски – Донација, стр. 12
- Службен гласник на Општина Аеродром бр. 17 од 20.08.2014 година (на стр. 11) и број 19 од 19.09.2014 година (на стр. 10).Одлуки за исплата на парична помош за надомест на патни трошоци на 2 ученички со посебни образовни потреби.
- Развојна програма за локален економски развој, 2013, Општина Боговиње
- Реактор – Истражување во акција (2015). Жените во политиката: Патот до политичките функции и влијанието на локално ниво во Македонија.
- Реактор – Истражување во акција (2012). Истражување на опсегот на родово-базираното насилство врз жените и девојките на јавните места во Скопје
- Реактор - Истражување во акција (2012).Клучот за стаклената врата: Демистифицирање на причините за ниското учество на жените на пазарот на труд - http://www.reactor.org.mk/CMS/Files/Publications/Documents/MK%20VERZIJA3.pdf
- Реактор – Истражување во акција (2015), "Работни услови и рамнотежа помеѓу работниот и приватниот живот: Родова анализа".
- Ристеска, М & Димовска, Е (2014). Проценка на процесот на креирање политики, буџетирање и децентрализација на локално ниво од родов аспект
- Родов реактор – http://goo.gl/8Jeyj9
- Совет на министри на ЕУ (2007) Родова перспектива и учество на жените во локалниот развој – најдобри практики
- Стратегија за воведување родово одговорно буџетирање 2012–2017. Министерство за труд и социјална политика
- Стратегијата за локален економски развој Општина Боговиње, прикажана на официјалната веб-страница на општината http://www.komunabogovine.gov.mk
- Универзитет „Св. Климент и Методиј", Скопје, http://ukim.edu.mk/mk_struktura.php